ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА 2022 ГОДИНА

**С О Д Р Ж И Н А**

И З В Е Ш Т А Ј   З А   Р А Б О Т А ........ 2
I .   ВОВЕД ........ 2
II .   ОСТВАРЕН ОБЕМ НА РАБОТА ........ 6
1. ТРГОВСКИ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ........ 6
2. РЕГИСТАР НА ГОДИШНИ СМЕТКИ ........ 17
3. ЗАЛОЖЕН РЕГИСТАР ........ 22
*3.1 Фидуцијарен регистар ........ 25*
3.2 Регистар за продажба со задржување на правото на сопственост ........ 26
4. РЕГИСТАР НА ЛИЗИНГ ........ 27
5. РЕГИСТАР НА ПРАВА ВРЗ НЕДВИЖНОСТИ ........ 28
6. РЕГИСТАР НА ВЛОЖУВАЊА НА СРЕДСТВА ВО НЕДВИЖНОСТИ НА РЕЗИДЕНТИ ВО СТРАНСТВО И НА НЕРЕЗИДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА ........ 29
7. РЕГИСТАР НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ........ 31
8. РЕГИСТАР НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ИЗРЕЧЕНА САНКЦИЈА ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ И ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ОДДЕЛНА ДЕЈНОСТ И РЕГИСТАР НА КАЗНИ ЗА СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА НА ПРАВНИ ЛИЦА33
9. РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖНИЦИ ........ 39
10. РЕГИСТАР НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ........42
11. СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА ........ 46
12. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЛАН, РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 50
13. РАБОТИ НА МАРКЕТИНГ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ........ 64
III . ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И КАДРОВСКА И ТЕХНИЧКА СТРУКТУРА НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР ........ 79
IV. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ ........ 83

# И З В Е Ш Т А Ј   З А   Р А Б О Т А
# НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

## I .   ВОВЕД

Централниот регистар е институција која своето работење го темели на одредбите од Законот за Централен регистар („Сл. весник на РМ“, бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 311/20).

Согласно на Законот за Централен регистар, истиот е основан како централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци кои се внесуваат во него. Податоците кои се внесуваат во Централниот регистар електронски се обработуваат, обединуваат, селектираат, чуваат и се достапни до заинтересираните корисници. Централниот регистар има својство на правно лице кое самостојно се финансира, а за своето работење еднаш годишно поднесува годишна сметка и извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија.
Со својата организациона поставеност, Централниот регистар обезбедува пристап до податоците на сите заинтересирани корисници преку своите 27 канцеларии- 12 Регионални и 15 регистрациони канцеларии во Република Северна Македонија.
Согласно на Законот за Централен регистар, во централната база на податоци задолжително се внесуваат податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопственост и стварните права врз туѓи ствари (залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и пренос на права заради обезбедување), стекнат статус на трговско друштво или статус на друг вид на правно лице и годишни сметки, поради што Централниот регистар има обврска да се грижи за непречено функционирање на оваа единствена електронска база на податоци во Република Северна Македонија.
Во рамките на Централниот регистар воспоставени се следните регистри:

- Трговски регистар и регистар на други правни лица
- Регистар на годишни сметки
- Заложен регистар
- Регистар на лизинг
- Фидуцијарен регистар
- Регистар за продажба со задржување на правото на сопственост
- Регистар на права врз недвижности
- Регистар на вложувања на средства во недвижности на резиденти во странство и на нерезиденти во Република Северна Македонија
- Регистар за директни инвестиции
- Регистар на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност
- Регистар на казни за сторени кривични дела на правни лица
- Регистар на задолжници
- Адресен регистар
- Регистар на вистински сопственици

Правна рамка за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица ја сочинуваат: Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица („Сл. весник на РМ“, бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 22/21 и 215/21); Законот за трговски друштва („Сл.весник на РМ“, бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22); Законот за здруженија и фондации ("Сл. Весник на РМ", бр 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 239/22); Законот за установите („Сл. весник на РМ“, бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22); Законот за стопанските комори („Сл. весник на РМ“, бр 17/11); Законот за задруги („Сл. весник на РМ“, бр. 54/02 и 84/05); Закон за водостопанство („Сл. весник на РМ“, бр. 51/15, 193/15 и 189/16) и уште многу други закони и подзаконски акти кои се lex specijalis за упис на одредени правни субјекти и се од влијание за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.
Правната рамка за водење на Регистарот на годишни сметки и финансиски извештаи ја сочинуваат: Законот за трговски друштва („Сл.весник на РМ“, бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22), Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл. весник на РМ бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11; 145/15, 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), Законот за сметководството на непрофитните организации (Сл.весник на РМ бр. 24/03, 17/11, 154/15 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22) и други закони и подзаконски акти со кои е регулирано изготвувањето и доставувањето на годишните сметки.
Регистарот на годишни сметки претставува единствена електронска база во Република Северна Македонија во која се прибираат и чуваат сите релевантни финансиски податоци и показатели за правните субјекти и физичките лица-вршители на дејност кои се обврзници на данокот од добивка и кои доставиле годишни сметки.

Заложниот регистар функционира во состав на Централниот регистар согласно на Законот за договорен залог („Сл. весник на РМ“, бр. 5/03, 4/05, 87/07, 51/11, 74/12, 115/14, 98/15, 215/15 и 61/16) како основен регистар во кој задолжително се запишува невладетелскиот залог врз подвижна ствар.
Регистарот на лизинг функционира во Централниот регистар врз основа на Законот за лизинг („Сл. весник на РМ“, бр. 4/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11,51/11, 148/13, 145/15, 23/16, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22). Во него задолжително давателот на финансиски лизинг е должен да го регистрира предметот кој е предмет на договорот на лизинг.
Регистарот за обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права (Фидуцијарен регистар) кој се води во рамките на Централниот регистар е воведен и функционира согласно Законот за обезбедување на побарувањата (Сл. весник на РМ 87/07 и 31/16).
Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост кој се води во рамките на Централниот регистар е воведен и функционира согласно Законот за обезбедување на побарувањата (Сл. Весник на РМ 87/07 и 31/16).
Во Регистарот на права врз недвижности согласно на одредбите на Законот за Централен регистар („Сл. весник на РМ“, бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 311/20), се евидентираат веќе регистрираните права врз недвижности. Основен регистар во кои се регистрираат правата врз недвижности е Агенцијата за Катастар на недвижности. Превземањето на податоците се врши преку системот за интероперабилност со кој овие две институции се поврзани и редовно секојдневно има проток на информации. На овој начин, сите заинтересирани корисници за податоци кои се однесуваат на правата врз недвижниот имот, можат да дојдат до брза и точна информација, која содржи идентични податоци содржани во имотните листови.
Правна рамка за Регистарот на вложувања во недвижности на резиденти во странство и на нерезиденти во Република Северна Македонија е Законот за девизното работење (Сл. Весник на РМ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 32/03, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21) и Правилниците за начинот на пријавувањето, уписот на вложувањето, како и содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на вложувања во недвижности на нерезиденти во Република Северна Македонија и на резиденти во странство („Сл. весник на РМ“, бр. 72/03).
Согласно на Законот за девизно работење (Сл. Весник на РМ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08, 24/11,135/11, 188/13, 97/15, 153/15, 23/16 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 ) во Централниот регистар на Република Северна Македонија се води и Регистарот на директни инвестиции на резиденти во странство и Регистарот на директни инвестиции на нерезиденти во Република Северна Македонија. Во Централниот регистар, формирана е електронска база на податоци во која се содржани сите податоци од регистрациите извршени во Министерството за економија (каде заклучно до 30.09.2008 година се водеше овој регистар) и регистрациите кои тековно се вршат во Централниот регистар. Оваа електронска база овозможува да се согледа актуелната состојба на одредена инвестиција и нејзиниот историјат.
Согласно Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица („Сл. весник на РМ“, бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 122/21 и 215/21 ), Централниот регистар, ги води и двата регистри - Регистар на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност и Регистар на казни за сторени кривични дела на правни лица.
Правната рамка ја сочинуваат повеќе закони и подзаконски акти со кои е регулиран начинот на евидентирање на судските одлуки, впишувањето и бришењето на санкциите и забраните и

издавањето на Потврдите и информациите од Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност и Регистарот на казни за сторени кривични дела на правни лица, и тоа: Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица („Сл. весник на РМ", бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 122/21 и 215/21), Закон за прекршоците (Сл. весник на РСМ бр. 96/19), Закон за извршување на санкциите (Сл.весник на РСМ бр. 99/19, 220/19 и 236/22), Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност (Сл.весник на РМ бр.78/2010), и Кривичниот законик (Сл.весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/23)).

Регистарот на задолжниците се воспостави со Законот за задолжница (Сл. весник на РМ бр. 59/12, 12/14, 201/14, 145/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 77/21) и истиот почна да функционира во рамките на Централниот регистар од 01.09.2012 година.

Едновремено со воспоставувањето на овој регистар во правниот и платниот промет се воведе задолжницата како нов инструмент за обезбедување на побарување, односно задолжницата е потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност побарувањето на доверителот назначено во задолжницата присилно да се наплати од сите расположливи средства на должникот кај носителите на платниот промет.

Формата и содржината на задолжницата е пропишана од страна на Министерството за финансии со Правилник за формата и содржината на задолжницата (Сл. весник на РМ бр. 77/12).

Подносители во рамките на Регистарот се нотарите, извршителите, стечајните управници и носителите на платниот промет, при што начинот на користење и внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците од Регистарот на задолжници како и издавање на информации од истиот се регулирани со Правилникот за начинот на користење и внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците во Регистарот на задолжници донесен на 21.05.2012 година.

Адресниот регистар е востановен согласно Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ( Сл. весник на РМ 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13 и 147/15).

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, за имињата на улиците, плоштадите, мостовите и за другите инфраструктурни објекти, како и за броевите за нумерирање на објектите на територијата на Република Северна Македонија електронски регистар води Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија е пропишана со Правилник на Министерот за транспорт и врски – (Правилник за содржината, постапката и начинот на водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар - Сл. Весник на РМ бр. 152/07).

Централниот регистар, преку својата организациона поставеност, обезбедува единственост во постапките и методите на работа, единственост во примената на законите и другите подзаконски акти преку изготвување на упатства за работа.

Согласно на одредбите од Законот за Централен регистар, Централниот регистар за извршените услуги од делокругот на својата работа наплаќа соодветен надоместок кој се утврдува со Тарифа на Централниот регистар, која ја донесува Управниот одбор, а на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

Регистарот на вистински сопственици се воспостави со Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 317/20 и 151/22) и истиот почна да функционира во рамките на Централниот регистар од 27.01.2021 година. Воспоставувањето на Регистарот на

вистински сопственици има за цел евидентирање и обезбедување на точни и ажурни податоци за вистинските сопственици на правните субјекти заради обезбедување на висок степен на транспарентност на сопственичката структура. Во Регистарот се внесуваат податоци за сите постоечки субјекти иницијално, како и за сите настанати промени во сопственичката структура на субјектите.

.

## II. ОСТВАРЕН ОБЕМ НА РАБОТА

### 1. ТРГОВСКИ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Во текот на 2022 година извршени се следните уписи:

| I. ТРГОВСКИ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА<br>1. Видови на уписи | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр. | РРК | Упис на основање | Упис на бришење | Упис на промена | Упис на статусна промена | Упис на претстечај | Упис на стечај | Упис на ликвидација | Корекција | Упис на работно време | Жалба | Упис на објава за ликвидација | Останато | **Вкупно** |
| **Вкупно 2022** | | **8,657** | **3,831** | **18,768** | **37** | **1,576** | **1,029** | **3,079** | **3,213** | **4,364** | **88** | **1,736** | **87** | **46,465** |
| **Планирано 2022** | | **7,600** | **7,000** | **19,000** | **150** | | **2,100** | **2,300** | **800** | **3,100** | | **1,400** | **700** | **44,150** |
| **Реализирано 2022** | | **113.9%** | **54.7%** | **98.8%** | **24.7%** | | **49.0%** | **133.9%** | **401.6%** | **140.8%** | | **124.0%** | **12.4%** | **105.2%** |
| **Вкупно 2021** | | **8,640** | **6,893** | **20,779** | **69** | | **2,282** | **2,581** | **1,088** | **3,179** | | **1,543** | **1,502** | **48,556** |
| **2022 vs. 2021** | | **▲0.2%** | **▼44.4%** | **▼9.7%** | **▼46.4%** | | **▼54.9%** | **▲19.3%** | **▲195.3%** | **▲37.3%** | | **▲12.5%** | **▼94.2%** | **▼4.3%** |

Од вкупниот број на извршени уписи 46.465 во 2022 година (48.556 во 2021 година), 8.657 се уписи на основање (8.640 во 2021 година). Во 2022 година извршени се 3.831 уписи на бришење по редовна постапка (6.893 во 2021 година) и извршени се 2.987 уписи на бришења на правни субјекти (ТП и трговски друштва) по службена должност согласно член 552а од Законот за трговските друштва. Во 2022 година има 18.768 уписи на промени (20.779 во 2021 година). Во 2022 година има 37 уписи на статусна промена (69 во 2021година), 1.029 уписи на стечај (2.282 во 20201година), 1.576 уписи на претстечај, 3.079 уписи на ликвидација (2.581 во 2021 година), 3.213 уписи на корекција (1.088 во 2021 година), 1.736 објави за ликвидација (1.543 во 2021 година), 4.364 уписи на работно време (3.179 во 2021 година) и 88 жалби.

Табела 1




Табела 2




Графикон 1




Од вкупниот број на уписи на основање во 2022 година, извршен е упис на основање на: 15 АД (5 во 2021 година), 522 (500 во 2021 година), 1357 ДОО (1292 во 2021 година), 5087 ДООЕЛ (5150 во 2021 година), ниту едно ЈТД (0 во 2021 година),  ниту едно КД (1 во 2021 година), 29 подружници (39 во 2021 година), 2 стопански интересни заедници ( 2 во 2021 година) и 1645 останати (1658 во 2021 година), како и 34 ПДОО.

Табела 3




Табела 4




Графикон 2




При уписот на основање во 2022 година, домашниот капитал учествува со 1.301.656.097.00 МКД, и 30.319.053.00 EUR, додека странскиот капитал во 2022 година учествува со 158.253.856.00 МКД и 14.175.660.00 EUR.

Табела 5




Табела 6




Од вкупниот број на уписи на основање во 2022 година, во 6.828 случаи како сопственици се јавуваат македонски државјани, во 927 случаи како сопственици се јавуваат странски државјани, во 168 случаи сопственоста е мешовита, а во 734 случаи е без сопственици.

Табела 7




Во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица покрај тоа што се вршат уписи на основања, промени и бришења, од електронската база на податоци, се врши евиденција на работното време на субјектите, се врши објавување на уписот на ликвидацијата на субјектот на веб страната на Централниот регистар, се издаваат тековни состојби за субјектите на упис, поединечни податоци за субјектите на упис, информација за регистрирана дејност, информација за даночен број и сметка, информација за постоење на ликвидациона постапка кај субјектот на упис. Исто така, се издават фотокопии од решенија со прилози од збирката на исправи и се овозможува увид во регистарски влошки и збирки на исправи.

Во текот на 2022 година издадени се 231.671 тековни состојби, издадени се 564 информации за поединечен податок, издадени се 10.309 документи за регистрирана дејност, 43.564 информации за стечај или ликвидација, извршен е увид во регистарска влошка во 34 случаи, издадени се 14.073 историјати, 2.234 фотокопии од Решение со прилози, издадени се 1.607 заверки на фотокопија од Решение со прилози, 385 информации за отпечаток од скенирани записи, 2.255 информации од скенирани документи и 1.815 други неспомнати дејствија.

| II. ТРГОВСКИ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Издадени информаци | | | | | | | | | | | | | | |
| Р. бр. | РРК | Тековна состојба 256,00 ден | Историјат на промени од 01.01.2006 год. 1.245,00 ден. | Потврда за регистрирана дејност 248,00 ден. | Потврда за стечајна и ликвидација 257,00 ден. | Фотокопија од Решение со прилози (200,00 ден. до 10 стр. + 5 ден. од страна) | Заверка на фотокопија од Решение со прилози 25,00 ден. од страна | Отпечаток од скенирани записи (200,00 ден. до 10 стр. + 5 ден. од страна) | Скенирани документи | Информација за работно време | Увид во регистарска влошка 752,00 ден. | Поединечен податок 101,00 ден. | Други не спомнати дејствија 505,00 ден. | Вкупно |
| Вкупно 2022 | | 231,671 | 14,073 | 10,309 | 43,564 | 2,234 | 1,607 | 385 | 2,255 | 10 | 34 | 564 | 1,815 | 308,521 |
| Планирано 2022 | | 230,000 | 16,000 | 11,000 | 47,000 | 3,500 | 1,400 | 1,700 | | | 500 | 5,400 | 3,800 | 320,300 |
| Реализирано 2022 | | 100.7% | 88.0% | 93.7% | 92.7% | 63.8% | 114.8% | 22.6% | | | 6.8% | 10.4% | 47.8% | 96.3% |
| Вкупно 2021 | | 241,064 | 12,783 | 10,568 | 46,741 | 2,564 | 1,826 | 2,101 | | | 1,059 | 2,860 | 3,678 | 325,244 |
| 2022 vs. 2021 | | ▼3.9% | ▲10.1% | ▼2.5% | ▼6.8% | ▼12.9% | ▼12.0% | ▼81.7% | | | ▼96.8% | ▼80.3% | ▼50.7% | ▼5.1% |

Табела 8


Издадени информации од трговскиот регистар во
2021 година
0
0
1,059
2,101
2,860
1,826
3,678
10,568
2,564
12,783
46,741
241,064
Тековна состојба 256,00 ден
Историјат од 01.01.2006 год. 1.245,00 ден.
Регистрирана дејност 248,00 ден.
Информација за стечај или ликвидација 257,00 ден.
Фотокопија од Решение со прилози (200,00 ден. до 10 стр. + 5 ден. од страна)
Заверка на фотокопија од Решение со прилози 25,00 ден. од страна
Отпечаток од скенирани записи (200,00 ден. до 10 стр. + 5 ден. од страна)
Скенирани документи
Информација за работно време
Увид во регистарска влошка 752,00 ден.

Табела 9



Издадени информации од трговскиот
регистар во
2022 година
385
2,255
1,607
34
564
10,309
2,234
10
1,815
14,073
43,564
231,671
Тековна состојба
256,00 ден
Историјат од 01.01.2006 год.
1.245,00 ден.
Регистрирана дејност
248,00 ден.
Информација за стечај или
ликвидација
257,00 ден.
Фотокопија од Решение со прилози
(200,00 ден. до 10 стр. + 5 ден. од
страна)
Заверка на фотокопија од Решение со
прилози 25,00 ден. од страна
Отпечаток од скенирани записи
(200,00 ден. до 10 стр. + 5 ден. од
страна)
Скенирани документи
Информација за работно време
Увид во регистарска влошка 752,00
ден.


Графикон 3




Во текот на 2021 година беа развиени и пуштени во функција два нови производи:

- Информација за банкарски сметки- тековна состојба и
- Информација за поврзани субјекти- тековна состојба.

Услугата Тековна состојба на сметки на субјект добиени од единствениот регистар на трансакциски сметки овозможува издавање на потврда изработена врз основа на службена евиденција која ја води Централниот регистар, која содржи информација за тековните банкарски сметки на субјект добиени од единствениот регистар на трансакциски сметки, како и блокада на истите во реално време. Надополнета е со информација за блокада во реално време, за разлика од претходно кога истата содржеше информација само за блокада над 45 дена.

Информацијата за поврзани субјекти- тековна состојба овозможува пребарување на физички/ правни лица, домашни/ странски лица по ЕМБГ/ЕМБС/ИД број, односно пребарување дали и во кои субјекти во моментот е регистрирано одредено физичко/ правно лице, како и во која улога.
Во текот на 2022 година беа издадени 7.047 информации за поврзани субјект- тековна состојба, а 10.546 информации за банкарски сметки- тековна состојба.

Со измените на Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (Сл. Весник на РМ 70/13), се воведе категоријата регистрационен агент. „Регистрационен агент“ е трговец поединец или трговско друштво кое е регистрирано за вршење на сметководствена дејност, адвокат и адвокатско друштво кои имаат овластување за поднесување пријава за упис преку Системот за е-регистрација “.

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Сл. Весник на РМ 38/14), односно од неговото стапување на сила на 04.03.2014 година, Централниот регистар престана да врши прием на пријави за упис во хартиена форма за ТП, ДОО и ДООЕЛ и истите се поднесуваат исклучиво во електронска форма преку регистрациониот агент-сметководител. Додека пак со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Сл. Весник на РМ 88/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (Сл. Весник на РМ 97/15) односно од неговото стапување на сила на 01.11.2015 сите уписи (основање, промени и бришења) во трговскиот регистар се вршат во електронска форма. Регистрационите агенти-сметководители прават само основања на ТП, ДОО и ДООЕЛ, додека регистрационите агенти-адвокати прават основања, промени и бришења на сите видови трговски друштва. Заклучно со месец Февруари 2022 година, на територијата на Република Северна Македонија, 2.181 регистрациони агенти имаат добиено овластување за работа од Централен регистар, од кои 1481 Регистрациони агенти – адвокати 1481 и 700 Регистрациони агенти – сметководители 700. Начинот и поблиските критериуми за добивање на овластувањето за "регистрационен агент" ги пропишува Централниот регистар.

Во „Службен весник на РСМ" бр.215/21 од 16 септември 2021 година, објавен е Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ" бр. 28/2004, 84/2005,25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13,119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 290/20)18/01…123/13), кој стапи на сила на 24 септември 2021 година.

Со Законот за изменување и дополнување на ЗТД се воведе нов облик на ДОО – **поедноставено друштво со ограничена одговорност ПДОО.**

Како ПДОО може да се основа друштвото кое има најмногу тројца основачи како физички лица, од кои еден е управител.

Најмалиот износ на основната главнина на поедноставеното друштво со ограничена одговорност е 1 евро во денарска противвредност според средниот курс на НБРСМ на денот на уплатата, освен ако основачите не се договориле тоа да биде денот на потпишување на основачкиот акт на друштвото.

Најмалиот номинален износ на деловниот удел е 10 центи во денарска противвредност според средниот курс на НБРСМ на денот на уплатата, освен ако основачите не се договориле тоа да биде денот на потпишување на основачкиот акт на друштвото. Во текот на 2022 година се основани вкупно 34 поедноставени друштва со ограничена одговорност- ПДОО.

Е- ПОДНЕСИ САМ

Со цел доближување на е- услугите, односно е- регистрација до крајните надворешни корисници, Централен регистар од 2019 година започна со бесплатна помош на сите заинтересирани странки при поднесување на пријави во трговскиот регистар. Преку е –поднеси сам, странките во секое време имаат телефонска и електронска помош при поднесување на пријави. За сите пријави кои согласно Законот за трговските друштва е предвидено можност сами да поднесат пријава, Централен регистар, нуди бесплатна помош.

Конкретно, преку услугата е - поднеси сам во 2022 година поднесени се вкупно 219 електронски пријави, од кои 31 се основања на трговски друштва, 144 промени и 40 упис на работно време, и 4 уписи на ликвидација.

Централен регистар и понатаму работи на промоција на услугата, преку Одделението за техничка помош, како и информативните материјали кои се направени од наша страна за таа цел.

## 2. РЕГИСТАР НА ГОДИШНИ СМЕТКИ

Регистарот на годишни сметки претставува единствена централна електронска информативна база во Република Северна Македонија, во којашто се евидентираат, прибираат, кумулираат и чуваат сите релевантни финансиски податоци и показатели за работењето, финансиската и економската способност на сите правни субјекти во државата кои даваат приказ за деловниот резултат и финансиската состојба на субјектите (средства, капитал и обврски).

Целта на системот за годишни сметки е на едно место да ги собере и зачува информациите за сите годишни сметки, при што се обезбедува високо ниво на безбедност и користење на податоците, како и податоци за доставеноста на годишните сметки од страна на субјектите обврзници за нивно доставување.

Во базата има кумулирани податоци од годишните сметки за субјектите од нефинансискиот сектор за повеќе од дваесет години наназад. Ова дава можност за следење на економската способност на друштвата за период подолг од две и повеќе години и дава можност за согледување на трендот на успешноста.

Сите субјекти се должни во согласност со законската регулатива во законскиот определен рок да достават годишни сметки до Регистарот за годишни сметки, односно во рок од 60 дена од денот на отворањето на постапката за ликвидација или стечајна постапка или на настанување на статусна промена.

Големите и средните субјекти, субјектите кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи усогласени со меѓународните сметководствени стандарди, доставуваат и финансиски извештаи, консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи, ревидирани годишни сметки и ревидирани и одобрени финансиски извештаи и ревидирани и одобрени консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи.

Врз основа на обработените податоци заинтересираните субјекти можат да добијат глобална информација за остварените финансиски резултати за група на субјекти и индивидуално за пооделен субјект (за деловен партнер). Групното презентирање на субјектите се врши според НКД (по дејности групи, класи, поткласи), според големината на субјектите (микро, мали, средни и големи), по сопственоста на нивниот капитал (општествена, државна, приватна, мешовита и странски капитал) и по општини и истите претставуваат база за донесување на фискални, монетарни и глобални решенија,како и алатка за креирање на макроекономската политика на државата.

Корисници на збирните податоци и информации за креирање на макроекономската политика на државата се: Владата на РСМ, НБРСМ, министерствата и други државни органи и институции и Светската банка. Овие податоци едновремено ги користи и Државниот завод за статистика на РСМ за утврдување на бруто домашниот производ и национални сметки. Во базата на податоци се опфатени следните групи на субјекти:

- нефинансискиот сектор (трговски друштва);
- финансиски сектор (банки и други финансиски организации;
- осигурителни друштва
- буџети и фондови (Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и на буџетите на фондовите. Наведените обврзници доколку имаат отворено сметки за други намени, за нив поднесуваат посебна годишна сметка;
- корисници на средства од буџети и фондови (органи на управата, организации од образованието, науката и културата, социјалната заштита, здравството, работничките универзитети и студентските центри, центри за унапредување на земјоделието и други субјекти кои целосно или претежно се финансираат од буџетите. И овие обврзници доколку имаат отворено сметки за други намени, за нив поднесуваат посебна годишна сметка;
- самостојни вршители на дејност (физичко лице-трговец поединец, трговец поединец, физичко лице кое се занимава со земјоделска дејност, занаетчиска дејност и слободни занимања) и
- непрофитни организации (невладини и други здруженија на граѓани):стопански комори, политички партии и синдикати.

Регистарот за годишни сметки врз основа на базата на податоци врши класифицирање на субјектите според големината, според утврдени критериуми за бројот на вработените, вкупниот приход и просечната вредност на деловна актива, пропишани со Законот за трговски друштва. Распоредувањето се врши во микро, мали, средни и големи субјекти.

Расположивиот фонд на податоци во базата на Регистарот за годишни сметки, дава можност Централниот регистар да подготви информација за економската финансиска состојба на субјектот, извештај за биланс на состојба и податоци од билансот на успех, листинг, скратен исказ итн.

Извештајот за биланс на состојбата и податоците од билансот на успех се подготвува врз основа на Законот за Јавни набавки („Сл. весник на РСМ" бр. 24/ 19) (член 95) и е дел од тендерската документација. Документот содржи: општи податоци за субјектот, податоци за средствата и изворите на средства, финансиски резултати за последните 3 години, податоци за дејноста на која и припаѓа субјектот и неговото учество во дејноста,податоци за вработените, показатели за работењето како и толкување на истите.

Информација за економската финансиска состојба на субјектот се изготвува врз основа на податоците од годишните сметки односно сметководствените искази: Биланс на состојбата и Биланс на успехот во форма на извештај со оценка на показателите за финансиската стабилност (финансиска сигурност, степен на самофинансирање и кредитна способност), показатели за ликвидноста (општа и тековна ликвидност) и деловната успешност (работење со добивка или загуба), степенот на акумулативна и репродуктивна способност и профитабилност во работењето и дава толкување на показателите. Информацијата за економската финансиска состојба на субјектот содржи и податоци за извршената економско - финансиска ревизија.

Информациите, индикаторите, преписите од годишните сметки и други податоци со кои располага Централниот регистар, можат да се добија врз основа на доставено барање во кое прецизно треба да се дефинираат потребите.

Во текот на 2022 година беше извршен прием, проверка и обработка на 93.804 годишни сметки и финансиски извештаи за деловната 2021 година, од кои 74.831 се електронски поднесени, а 18.973 се поднесени во хартиена форма.

Табела 10


Поднесени и обработени годишни сметки
2021година
340
60
39
4632
10369
9856
67100
Нефинансиски сектор
Корисници на буџет
Буџети и фондови
Други субјекти
Самостојни вршители на дејност
Банки
Осигурителни друштва

Табела 11




Графикон 4




Целокупниот фонд на податоци во базата на Регистарот на годишни сметки е основа за изготвување на Извештајот за билансот на состојба и податоци од билансот на успех (документ

потребен за јавни набавки) согласно член 95 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РСМ“, бр. 24/19).

Во текот на 2022 година се изготвени вкупно 49.495 информации од годишни сметки по сите видови. Од вкупно изготвените информации од годишни сметки по сите видови 4.447 се извештаи за Биланс на состојба и податоци од Биланс на успех; 1.705 се информации за економско финансиска состојба; 10.751 се Листинг од обработена годишна сметка со податоци од БС и БУ; 244 се Листинг од обработена годишна сметка со податоци од БС, БУ и готовински текови; 254 се Листинг од обработена годишна сметка со податоци од БС, БУ и готовински текови (англиски); 325 се Листинг од обработена годишна сметка и готовински текови и оценка; евидентирани се 13 Листинзи од обработена годишна сметка и оценка; 15 се Анализа на паричен тек; 162 се Скратен исказ со оценка; 17 се Оценка на ликвидност со мислење; 24.634 се Скратен исказ; 47 се Писма- ; 81 се Фотокопија од годишна сметка; 5.527 се Поединечни податоци; 538 се Информација за структура на приходи по дејности (СПД) и 612 се Други не спомнати дејствија.

Со донесувањето на новата тарифа на 22.06.2020 година се укинаа пакетите информации кои што се нудеа на клиентите преку интернет дистрибутивниот систем по многу ниски цени што се рефлектираше во забележителен пад на бројот на скратените искази во текот на и 2022 година.

**III.РЕГИСТАР НА ГОДИШНИ СМЕТКИ**

| | Извештај за БС и податоци од БУ 1.750,00 ден. | Информација за економско финансиска состојба 1.750,00 ден. | Листинг од обработена годишна сметка со податоци од БС и БУ 699,00 ден. | Листинг од обработена годишна сметка со податоци од БС, БУ и гот. текови 875,00 ден. | Листинг од обработена годишна сметка со податоци од БС, БУ и гот. Текови (англиски) 1.049,00 ден. | Листинг од обработена годишна сметка и гот.текови и оценка 769,00 ден. | Листинг од обработена годишна сметка и оценка 595,00 ден. | Анализа на паричен тек и промени на капиталот 489 ден. | Скратен исказ од ГС со оценка на работењето 350,00 ден. | Оценка на ликвидност со мислење 349,00 ден. | Скратен исказ од ГС 254,00 ден. | Писма- Информација за новооснованите субјекти кои започнале со работа во тековната година 255,00 ден. | Фотокопија од годишна сметка 505,00 ден. | Извештај од БС и БУ- новоосновал субјект | Извештај од БС и БУ- останато | Поединечен податок 70,00 ден. | Информација за структура на приходи по дејности (СПД) 509,00 ден. | Други неспомнат и дејствија 505,00 ден. | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно 2022** | 4,447 | 1,705 | 10,751 | 244 | 254 | 325 | 13 | 15 | 162 | 17 | 24,634 | 47 | 81 | 75 | 48 | 5,527 | 538 | 612 | 49,495 |
| **Планирано 2022** | 4,800 | 1,400 | 7,600 | 100 | 200 | 300 | 1 | 10 | 60 | 90 | 66,000 | 60 | 160 | | | 8,900 | 360 | 2,400 | 92,441 |
| **Реализирано 2022** | 92.6% | 121.8% | 141.5% | 244.0% | 127.0% | 108.3% | 1300.0% | 150.0% | 270.0% | 18.9% | 37.3% | 78.3% | 50.6% | | | 62.1% | 149.4% | 25.5% | 53.5% |
| **Вкупно 2021** | 4,876 | 1,316 | 10,684 | 139 | 210 | 332 | 6 | 7 | 66 | 32 | 63,309 | 95 | 7 | | | 7,993 | 530 | 1,303 | 90,905 |
| **2022 vs. 2021** | ▼8.8% | ▲29.6% | ▲0.6% | ▲75.5% | ▲21.0% | ▼2.1% | ▲116.7% | ▲114.3% | ▲145.5% | ▼46.9% | ▼61.1% | ▼50.5% | ▲1057.1% | | | ▼30.9% | ▲1.5% | ▼53.0% | ▼45.6% |

Табела 12


Издадени информации од регистарот за годишни сметки
2021 година
4,876
139
1,316
210
332
6
7
66
32
530
1,303
95
7
7,993
10,684
63,309
Извештај за БС и податоци од БУ 1.750,00 ден.
Информација за економско финансиска состојба 1.750,00 ден.
Листинг со податоци од БС и БУ 699,00 ден.
Листинг со податоци од БС, БУ и гот. текови 875,00 ден.
Листинг со податоци од БС, БУ и гот. Текови (англиски) 1.049,00 ден.
Листинг со гот.текови и оценка 769,00 ден.
Листинг од обработена годишна сметка и оценка 595,00 ден.
Анализа на паричен тек и промени на капиталот .
Скратен исказ со оценка на работењето 350,00 ден.
Оценка на ликвидност со мислење 349,00 ден.
Скратен исказ 254,00
Писма 255,00 ден.
Фотокопија од годишна сметка 505,00 ден.
Извештај од БС и БУ- новооснован субјект
Извештај од БС и БУ- останато
Поединечен податок 70,00 ден.
Информација за СПД 509,00 ден.
Друго 505,00 ден.

Табела 13




Заради единственост во постапувањето при примената на законите и подзаконските акти битни за работењето на Регистарот на годишни сметки, беше изработено Упатство и Роковник за приемот на годишните сметки за сите видови на субјекти, подготовка за внес на податоците на средствата за автоматска обработка на податоците и проверка на податоците како и пооделни Упатства за единствениот начин на постапување во Централниот регистар, при приемот и обработката на податоците од годишните сметки и финансиските извештаи за пооделните видови на субјекти.

## 3. ЗАЛОЖЕН РЕГИСТАР

На 22.07.2014 година во работа е пуштен системот за електронска регистрација на залог. Со системот за Е-залог се овозможи поднесување на пријави за упис, промена и бришење на регистриран залог во електронска форма, како и пребарување и издавање на информации за регистриран залог во електронска форма. Сите заинтересирани корисници можат целокупната постапка за регистрација на залог да ја спроведат преку интернет, без потреба од физичко присуство, а само со примена на дигитални сертификати како средство за идентификација на подносителот (освен за издавање на информации каде што нема потреба од електронски сертификат). Целокупната документација потребна за уписот заинтересираните страни ја доставуваат до Заложниот регистар скенирана во електронска форма. Веродостојноста на приложената документација во електронска форма ја гарантираат со својот електронски потпис согласно Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19.

Бројот на уписи во заложниот регистар во 2022 година изнесува 10.103. Извршени се 1.877 уписи на залог и 545 уписи на промени. Издадени се 6.594 информации на корисници и извршени се 1.081 бришења на упишан залог, отпечатоци од скенирани записи и 6 други неспомнати услуги. Од овие уписи во залог, 220 уписи, 44 промени, 38 бришења и 900 информации се извршени електронски преку системот за е-залог.

Со цел да се поттикнат корисниците да ги користат електронските сервиси од Заложниот регистар беше направена интервенција во Тарифата на Централен регистар со тоа што се воведе нова тарифна ставка за електронските упис на залог, како и за електронското издавање на информации од истиот со пониски цени од оние во хартија, што поттикна во текот на 2021 и 2022 г, да расте бројот на електронските уписи во овој регистар, но сепак сеуште со послаб раст во однос на очекуваниот.

| | IV. ЗАЛОЖЕН РЕГИСТАР | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Конечен упис на пријавата: | | Упис на промени: | | | | | | | |
| | - До 30 заложени средства | - Над 30 заложени средства | - На заложени средства (до 30) и/или заложен должник | - На заложени средства (над 30) и/или заложен должник | за останати промени (заложен доверител, вредност на обезбедено побарува | Број на издадени информации | Упис на бришење на залог | Други неспомнати услуги | Отпечаток од скенирани записи | **Вкупно активности** |
| **Вкупно 2022** | **1,877** | | **545** | | | **6,594** | **1,081** | **6** | **0** | **10,103** |
| **Планирано 2022** | **2,180** | | | | | | | | | **2,180** |
| **Реализираı зирано 2021** | **86.1%** | | **#DIV/0!** | | | **#DIV/0!** | **#DIV/0!** | | | **463.4%** |
| **Вкупно 2021** | **2,510** | | **460** | | | **7,850** | **1,310** | **54** | **141** | **12,325** |
| **2022 vs. 2021** | **▼25.2%** | | | | **▲18.5%** | | **▼16.0%** | **▼17.5%** | **▼88.9%** | **▲22.5%** |

Табела 14




Табела 15




Графикон 5




Со задолжителниот упис на невладетелскиот залог во Централниот регистар како единствена институција во Република Северна Македонија, како и можноста на договорните страни да му дадат својство на извршна исправа на договорот за залог со погоре опишаната регулатива, клиентите – корисници на овој регистар, стекнаа голема доверба во однос на тоа дека побарувањата ќе бидат намирени во предвидениот рок, а доколку не бидат, ќе бидат во скратена постапка реализирани. На овој начин договорните странки го избегнуваат водењето на долгите судски постапки за намирување на своите побарувања и веднаш пристапуваат кон реализација на заложното право.

### 3.1 Фидуцијарен регистар

Регистарот за обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права (Фидуцијарен регистар) кој се води во рамките на Централниот регистар е воведен и функционира согласно Законот за обезбедување на побарување ( Сл. весник на РМ бр. 87/07 и 31/16). Со овој Закон се уредени начинот, условите и постапката за засновање, постоење и престанување на фидуцијарниот пренос на правото на сопственост врз подвижни предмети и права врз основа на Договор. Со фидуцијарниот пренос на правото на сопственост врз подвижни предмети и права се обезбедува побарувањето на доверителот, на начин што должникот од одреден облигационен однос се обврзува да му го пренесе правото на сопственост врз определен свој предмет или да му отстапи некое свое преносливо право на доверителот, а доверителот по намирувањето на своето побарување се обврзува да му го врати правото на сопственост врз предметот, односно да му го врати самото право.

Во Фидуцијарниот регистар се врши упис, промена, бришење и давање на информација за фидуцијарниот пренос на правото на сопственост врз подвижни предмети и права. Регистрација, промена или бришење се врши врз основа на нотарски акт или потврда од страна на нотарот за склучениот Договор за фидуцијарен пренос на правото на сопственост врз подвижни предмети и права (солемнизација). Овие акти во регистарот ги доставува нотарот, од него овластено лице или договорните странки доколку така се договорат, во рок од пет работни дена од потврдувањето на Договорот или изготвувањето на нотарскиот акт, односно од настанувањето на промената, односно од престанокот или раскинувањето на Договорот. Договорот произведува правно дејство со моментот на впишување во Фидуцијарниот регистар.

Доставувањето на документацијата за регистрирање, промена, бришење, како и барањето за давање на информација се врши во писмена форма во Фидуцијарниот регистар или електронска форма преку системот за електронска регистрација во Фидуцијарниот регистар.

Секое правно или физичко лице може да бара информација од Фидуцијарниот регистар. Информација се дава врз основа на барање за издавање на информација. Подносителот на барањето во образецот го наведува предметот на барањето и вака оформен се доставува во писмена форма во Фидуцијарниот регистар или електронска форма преку системот за електронска регистрација во Фидуцијарниот регистар. Истата веднаш се издава на подносителот.

За извршениот упис, настанатите промени и бришење се издава потврда во писмена или електронска форма, при што исправата за упис мора да ги содржи битните елементи од договорот, денот и часот на приемот на барањето во регистарот, како и времето на издавање на исправата.

За извршениот упис, промена и бришење, како и за издавањето на информација од Фидуцијарниот регистар се наплаќа соодветен надомест, утврден со Тарифата на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

### 3.2 Регистар за продажба со задржување на правото на сопственост

Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост кој се води во рамките на Централниот регистар е воведен и функционира согласно Законот за обезбедување на побарувањата (Сл. Весник на РМ 87/07 и 31/16). Со овој Закон се уредени начинот, условите и постапката за засновање, постоење и престанување на обезбедување на побарување со продажба со задржување на правото на сопственост. Со продажбата со задржување на правото на сопственост се обезбедува побарувањето на продавачот, на начин што продавачот на подвижен индивидуален предмет и на предмети за кои се водат посебни јавни книги може со посебна одредба на Договорот да го задржи правото на сопственост се додека купувачот не ја исплати цената во целост.

Во Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост се врши упис, промена, бришење и давање на информација за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост. Регистрација, промена или бришење се врши врз основа на нотарски акт или потврда од страна на нотарот за склучениот Договор за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост (солемнизација). Овие акти во регистарот ги доставува нотарот, од него овластено лице или договорните странки доколку така се договорат, во рок од пет работни дена од потврдувањето на Договорот или изготвувањето на нотарскиот акт, односно од настанувањето на промената, односно од престанокот или раскинувањето на Договорот. Договорот произведува правно дејство со моментот на впишување во Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост.

Доставувањето на документацијата за регистрирање, промена, бришење, како и барањето за давање на информација се врши во писмена форма во Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост или електронска форма преку системот за електронска регистрација во Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост.

Секое правно или физичко лице може да бара информација од Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост. Информација се дава врз основа на барање за издавање на информација. Подносителот на барањето во образецот го наведува предметот на барањето и вака оформен се доставува во писмена форма во Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост или електронска форма преку системот за електронска регистрација во Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост. Истата веднаш се издава на подносителот.

За извршениот упис, настанатите промени и бришење се издава потврда во писмена или електронска форма, при што исправата за упис мора да ги содржи битните елементи од Договорот, денот и часот на приемот на барањето во регистарот, како и времето на издавање на исправата.

За извршениот упис, промена и бришење, како и за издавањето на информација од Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост се наплаќа соодветен надомест, утврден со Тарифата на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## 4. РЕГИСТАР НА ЛИЗИНГ

Врз основа на Закон за лизинг, давателот на лизинг е должен да го регистрира предметот, кој е предмет на договорот за лизинг во Регистарот за лизинг кој се води во Централниот регистар, да ги упише сите промени од договорот за лизинг како и бришењето на предметот од Регистарот, се во рок од пет работни дена од денот на потпишувањето на договорот за лизинг, настанатата промена и раскинувањето на договорот за лизинг.

На 22.10.2014 година во работа е пуштен системот за електронска регистрација на лизинг. Со системот за Е-лизинг, предвидено е пријавите за упис, промена и бришење на лизинг, како и барањата за информација за регистриран лизинг, во електронска форма да ги поднесуваат давателите на лизинг или од нивна страна овластени лица, со употреба на дигитални сертификати согласно Законот за лизинг и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19

Во регистарот на лизинг во 2022 година извршени се вкупно 3.465 активности од кои 2.002 извршени уписи на лизинг, 5 промени, 1.450 бришења на лизинг и издадени се 8 информации за лизинг. Од овие уписи 1916 уписи на лизинг, 5 промени, 1415 бришења на лизинг и 8 издадени информации се извршени преку електронскиот систем е-лизинг.

| V. РЕГИСТАР НА ЛИЗИНГ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Регистрација на лизинг | Промена на регистрација на лизинг | Бришење на регистриран лизинг | Издавање на информација | **Вкупно активности** |
| **Вкупно 2022** | **2,002** | **5** | **1,450** | **8** | **3,465** |
| **Планирано 2022** | **1,750** | **45** | **1,300** | **40** | **3,135** |
| **Реализирано 2022** | **114.4%** | **11.1%** | **111.5%** | **20.0%** | **110.5%** |
| **Вкупно 2021** | **2,147** | **781** | **909** | **17** | **3,854** |
| **2022 vs. 2021** | **▼6.8%** | **▼99.4%** | **▲59.5%** | **▼52.9%** | **▼10.1%** |

Графикон 6



Министерството за финансии води регистар во електронска форма на даватели на финансиски лизинг. Во регистарот кој што го води Министерството за финансии и кој што е објавен на неговата веб страна, се евидентирани 8 друштва кои имаат добиено дозволи за вршење на финансиски лизинг од Министерството за финансии (последни податоци се ажурирани на 28.12.2022 година).

Податоците од Регистарот за лизинг се особено значајни и корисни за Министерството за финансии кој е овластен да врши надзор на работењето на лизинг компаниите.

На ден 04.04.2017 година на пуштен е во употреба системот за е-потврди со нов интегриран производ од залог и лизинг. Интегрираната потврда за издадена информација за залог и лизинг ги влече податоците за регистрираните документи од заложниот регистар и регистарот за лизинг (за заложниот должник и корисникот на лизинг). Потврдата се изготвува исклучиво преку системот за е-потврди, по критериум ЕМБГ за физичко лице и ЕМБС за правно лице. Издадени се вкупно 1127 информации од овој тип, од кои најголемиот дел се издадени електронски, односно 1102 информација, а само 25 потврди се издадени во хартија.

Од 16.10.2017 година, ставен е на продукција во системот за е-потврди нов интегриран производ од залог, лизинг, фидуција и продажба со задржување на правото на сопственост. Интегрираната потврда ги влече податоците за регистрираните документи од заложниот регистар, регистарот за лизинг, фидуцијарниот регистар и од регистарот за продажба со задржување на правото на сопственост (за заложниот должник, корисникот на лизинг, должник и купувач). Потврдата ќе се изготвува преку системот за е-потврди, по критериум ЕМБГ за физичко лице и ЕМБС за правно лице. Издадени се вкупно 180 информации од овој тип, од кои најголемиот дел се издадени електронски, односно 176 информација, а само 4 потврди се издадени во хартија.

## 5. РЕГИСТАР НА ПРАВА ВРЗ НЕДВИЖНОСТИ

Во Централниот регистар, согласно на Законот за Централен регистар, задолжително се внесуваат податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопственост и стварните права врз туѓи ствари (залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и пренос на права заради обезбедување). Внесувањето на податоците се врши од основните регистри каде се конституираат овие права.

Основен регистар во кој се конституираат правата на сопственост врз недвижности и стварните права врз туѓи ствари е Агенцијата за Катастар на недвижности. Од тој аспект Регистарот на права врз недвижности не е основен регистар, бидејќи во него не се конституираат права. Превземањето на податоците во овој регистар се врши преку системот за интероперабилност со кој овие две институции се поврзани и редовно секојдневно има проток на информации.

Во текот на 2021 година од овој регистар издадени се вкупно 244 информации и извршени се и 42 други неспомнати услуги.

| VI. РЕГИСТАР НА ПРАВА ВРЗ НЕДВИЖНОСТИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р. бр. | РРК | Издавање на информации | Други неспомнати услуги | Вкупно |
| Вкупно 2022 | | 244 | 42 | 286 |
| Планирано 2022 | | 750 | 200 | 950 |
| Реализирано 2022 | | 32.5% | 21.0% | 30.1% |
| Вкупно 2021 | | 736 | 113 | 849 |
| 2022 vs. 2021 | | ▼66.8% | ▼62.8% | ▼66.3% |

Графикон 7




Согласно на чл. 22 од Законот за Централен Регистар, писмената информација издадена од Централниот регистар нема законска сила на документ со кој се докажува право на сопственост, туку има само информативен карактер. Во случај на несовпаѓање на податоците содржани во базата на податоци во ЦР со податоците од основните регистри, правно валидни се податоците од основните регистри.

## 6. РЕГИСТАР НА ВЛОЖУВАЊА НА СРЕДСТВА ВО НЕДВИЖНОСТИ НА РЕЗИДЕНТИ ВО СТРАНСТВО И НА НЕРЕЗИДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Според податоците од Регистарот на вложувања во недвижности на резиденти во странство и на нерезиденти во Република Северна Македонија, во текот на 2022 година извршени се вкупно 665 регистрации, (481 во 2021 година).

Од вкупно извршените регистарции во 2022 година, 522 се однесуваат на вложувања на нерезиденти во Република Северна Македонија (424 во 2021 година), а 143 се однесуваат на вложувања на резиденти во странство (57 во 2021 година).

| VII. а) РЕГИСТАР НА ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ НА НЕРЕЗИДЕНТИ ВО РМ | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Регистрација на вложување | | Регистрација на промена | | | Бришење од регистарот | | Други несомнатни услуги (Пребарување на базата на АКН) | Издадени информации | Вкупно активности |
| | Редовна регистрација | Регистрација по итна постапка | Редовна регистрација | Регистрација по итна постапка | | Редовна регистрација | Регистрација по итна постапка | | | |
| **Вкупно 2022** | 416 | | 45 | | | 61 | | 0 | 0 | 522 |
| **Планирано 2022** | 350 | | 100 | | | 50 | | 5 | 0 | 505 |
| **Реализирано 2022** | 118.9% | | 45.0% | | | 122.0% | | | | 103.4% |
| **Вкупно 2021** | 318 | | 55 | | | 49 | | 2 | 0 | 424 |
| **2022 vs. 2021** | ▲30.8% | | ▼18.2% | | | ▲24.5% | | | | ▲23.1% |

Графикон 8




| VII. б) РЕГИСТАР НА ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ НА РЕЗИДЕНТИ ВО СТРАНСТВО | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Регистрација на вложување | | Регистрација на промена | | | Бришење од регистарот | | Други несомнатни услуги (Пребарување на базата на АКН) | Издадени информации | Вкупно активности |
| | Редовна регистрација | Регистрација по итна постапка | Редовна регистрација | Регистрација по итна постапка | | Редовна регистрација | Регистрација по итна постапка | | | |
| **Вкупно 2022** | 118 | | 7 | | | 18 | | 0 | 0 | 143 |
| **Планирано 2022** | 50 | | 10 | | | 20 | | 0 | 0 | 80 |
| **Реализирано 2022** | 236.0% | | 70.0% | | | 90.0% | | | | 178.8% |
| **Вкупно 2021** | 39 | | 1 | | | 16 | | 0 | 1 | 57 |
| **2022 vs 2021** | ▲202.6% | | ▲600.0% | | | ▲12.5% | | | ▼100.0% | ▲150.9% |

Графикон 9




## 7. РЕГИСТАР НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Со уписот на директните инвестиции во Регистарот на директни инвестиции им се овозможува на инвеститорите пренос на добивка, пренос на финансиски средства добиени со отуѓување и продажба на сопственички дел во директната инвестиција, како и преносот на остатокот од ликвидационата маса. Овој пренос е слободен, но под услов инвеститорот да ја регистрирал директната инвестиција и да ги намирил сите законски обврски врз основа на даноци и придонеси во РСМ.

Во текот на 2022 година во Централниот регистар на РСМ извршени се вкупно 477 уписи на регистрација на директни инвестиции, 663 упис на промена во регистарот и 113 уписи на бришења на регистрирани директни инвестиции.

Во 2022 година се издадени 131 информации за актуелна состојба, 27 историјати на инвестицијата и 54 други неспомнати услуги.

| VIII. РЕГИСТАР НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Регистрација на вложување | Регистрација на промена | Бришење од регистарот | Други неспомнати услуги | Актуелна состојба на инветицијата | Историјат на инвестицијата | **Вкупно активности** |
| **Вкупно 2022** | **477** | **663** | **113** | **54** | **131** | **27** | **1465** |
| **Планирано 2022** | **300** | **400** | **70** | **30** | **120** | **10** | **930** |
| **Реализирано 2022** | **159.0%** | **165.8%** | **161.4%** | **180.0%** | **109.2%** | **270.0%** | **157.5%** |
| **Вкупно 2021** | **301** | **336** | **76** | **20** | **87** | **3** | **823** |
| **2022 vs. 2021** | **▲58.5%** | **▲97.3%** | **▲48.7%** | **▲170.0%** | **▲50.6%** | **▲800.0%** | **▲78.0%** |

Табела 16




Табела 17




Вредноста на пријавените (регистрираните) инвестиции во 2022 година во однос на 2021 година е следната:

| Вредност на инвестициите во: | Нерезиденти 2021 | Нерезиденти 2022 | Резиденти 2021 | Резиденти 2022 |
|---|---|---|---|---|
| **EUR** | 82.986.067.87 | 234.600.675,49 | 3.438.524.00 | 13.975.339,46 |
| **MKD** | 349.475.763.339.00 | -45.056.418,00 | 0,00 | 0,00 |
| **USD** | 4.058.087.45 | 11.709.924,72 | 158.220.28 | 281.898,08 |
| **ALL** | 0,00 | 0,00 | 86.590.00 | 0,00 |
| **RSD** | 0,00 | 0,00 | 52.569.894.58 | 217.343.531,33 |
| **GBP** | 0,00 | 0,00 | 1.00 | 0,00 |
| **BGN** | 0,00 | 0,00 | 337.310.00 | 5.533.647,00 |
| **SEK** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 9.000,00 |
| **BAM** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **HRK** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | -52.200.00 |
| **CHF** | 0,00 | 0,00 | 20.000.00 | 66.667,00 |
| **TRY** | 0,00 | 0,00 | 1.640.000.00 | 0,00 |

(Треба да се напомене дека овие вредности се однесуваат само на оние инвестиции кои се пријавени во Централниот регистар и истите може да се разликуваат од податоците на другите институции, од причина што иако постои законска обврска за пријавување на директните инвестиции согласно на Законот за девизното работење, дел од субјектите не ги почитуваат законските одредби и не ја запишуваат инвестицијата или ја запишуваат по законски утврдениот рок).

## 8. РЕГИСТАР НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ИЗРЕЧЕНА САНКЦИЈА ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ И ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ОДДЕЛНА ДЕЈНОСТ И РЕГИСТАР НА КАЗНИ ЗА СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА НА ПРАВНИ ЛИЦА

Централниот регистар на Република Северна Македонија, од месец август 2010 година започна со издавање на Потврди и Информации од Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност и Регистарот на казни за сторени кривични дела на правни лица,

воспоставени со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица („Сл. весник на РМ“, бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и „Сл. весник на РСМ “ бр. 98/19, 122/21 и 215/21).

Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност е јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци којашто содржи податоци од евиденцијата на прекршочните санкции на првостепените судови за физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност пропишани со Законот за прекршоците (Сл. весник на РСМ бр. 96/19 ).

Судовите коишто водат евиденција на прекршочни санкции којашто е пропишана со Законот за прекршоците, се должни да ги доставуваат податоците за физичките и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност до Централниот регистар заради упис во регистрите.

Регистарот на казни за сторени кривични дела на правни лица е јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци која содржи податоци од казнената евиденцја на правосилни судски пресуди за главните и споредните казни за сторени кривични дела на правни лица пропишани со Кривичниот законик.

Судовите, правосилните одлуки за изречени главни и споредни казни за сторени кривични дела на правни лица, по службена должност ги доставуваат до Централниот регистар на Република Северна Македонија за впишување во регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица.

Главната казна се брише по службена должност од регистарот, по истекот на три години од денот на извршената или застарена казна.

Споредните казни од член 96-г став 3 од точките 1 до 6 од член 96- б на Кривичниот законик се бришат по службена должност од наведениот регистар по истекот на времето за кое се изречени.

Овие регистри се целосно имплементирани во сите Регионални и регистрациони канцеларии на Централниот регистар. Податоците од овие регистри се јавни и достапни под еднакви услови за сите заинтересирани корисници. Потврдите се издаваат во текот на еден ден од денот на поднесување на соодветно барање.

Централниот регистар од Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност и Регистарот на казни за сторени кривични дела на правни лица ги издава следните потврди и информации:

1. Потврда дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност
2. Потврда дека не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност
3. Потврда дека не е впишана главна парична казна
4. Потврда дека не е впишана споредна казна
4.1. Забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон
4.2 Информација за кривична судска одлука
4.3. Забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство
4.4. Забрана за основање на нови правни лица
4.5. Забрана за користење субвенции и други поволни кредити

4.6. Одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон
4.7. Привремена забрана за вршење на одделна дејност
4.8. Трајна забрана за вршење на одделна дејност
4.9. Престанок на правното лице
5. Информација за прекршочна судска одлука
6. Информација за кривична судска одлука

Дел од потврдите се интегрирани и достапни и преку системот за е- Потврди на Централниот регистар на РСМ и во иднина се планира интергрaција и на останатите потврди со системот за е-Потврди.

Во 2022 година издадени се вкупно 31.700 потврди и информации од овие регистри и тоа:

- 11.233 потврди дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

- 4.382 потврди дека не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност;

- 567 потврди дека не е впишана главна парична казна;

- 318 потврди дека не е впишана споредна казна забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- 1959 информации за кривична судска одлука

- 3.813 потврди дека не е впишана споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;

- 0 потврди дека не е впишана споредна казна забрана за основање на нови правни лица;

- 58 потврди дека не е впишана споредна казна забрана за користење субвенции и други поволни кредити;

- 94 потврди за одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- 4.325 потврди дека не е впишана споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;

- 4.256 потврди дека не е впишана споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- 56 потврди дека не е впишана споредна казна престанок на правното лице и уште;

- 445информација за други неспомнати услуги и

- 194 изработени предмети.

<table>
<tr><th colspan="16">IX. ПКД</th></tr>
<tr><th rowspan="4"></th><th colspan="12">Видови на потврди</th><th colspan="3"></th></tr>
<tr><th colspan="2" rowspan="2">Информација од Регистар на физички и правни лица на кои им е</th><th colspan="10">Информација од Регистар на казни за сторени кривични дела на субјект</th><th rowspan="3">Други неспомнати услуги</th><th rowspan="3">Изработени предмети</th><th rowspan="3">пно активн</th></tr>
<tr><th rowspan="2">Потврда дека не е впишана главна парична казна</th><th colspan="9">Потврда дека не е впишана споредна казна</th></tr>
<tr><th>Потврда дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија,дејност или должност</th><th>Потврда дека не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност</th><th>добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон</th><th>Информација за кривична судска одлука</th><th>учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно - приватно</th><th>Забрана за основање на нови правни лица</th><th>Забрана за користење на субвенции и други поволни кредити</th><th>Одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон</th><th>Привремена забрана за вршење на одделна дејност</th><th>Трајна забрана за вршење на одделна дејност</th><th>Престанок на правното лице</th></tr>
<tr><td>Вкупно 2022</td><td>11,233</td><td>4,382</td><td>567</td><td>318</td><td>1,959</td><td>3,813</td><td>0</td><td>58</td><td>94</td><td>4,325</td><td>4,256</td><td>56</td><td>445</td><td>194</td><td>31,700</td></tr>
<tr><td>Планирано 2022</td><td>12,000</td><td>5,300</td><td>50</td><td>200</td><td>1,500</td><td>5,000</td><td>20</td><td>5</td><td>80</td><td>5,200</td><td>5,000</td><td>25</td><td>500</td><td>40</td><td>34,920</td></tr>
<tr><td>Реализирано 2022</td><td>93.6%</td><td>82.7%</td><td>1134.0%</td><td>159.0%</td><td></td><td>76.3%</td><td>0.0%</td><td>1160.0%</td><td>117.5%</td><td>83.2%</td><td>85.1%</td><td>224.0%</td><td>89.0%</td><td>485.0%</td><td>90.8%</td></tr>
<tr><td>Вкупно 2021</td><td>11,641</td><td>4,636</td><td>34</td><td>139</td><td></td><td>3,739</td><td>2</td><td>0</td><td>56</td><td>4,575</td><td>4,503</td><td>25</td><td>1,875</td><td>24</td><td>31,249</td></tr>
<tr><td>2022 vs. 2021</td><td>▼3.5%</td><td>▼5.5%</td><td>▲1567.6%</td><td>▲128.8%</td><td></td><td>▲2.0%</td><td>▼100.0%</td><td>#DIV/0!</td><td>▲67.9%</td><td>▼5.5%</td><td>▼5.5%</td><td>▲124.0%</td><td>▼76.3%</td><td>▲708.3%</td><td>▲1.4%</td></tr>
</table>

Табела 18


Издадени информации од регистарот за казни - ПКД
2021 година
25
1875
24
4503
11641
4575
3739
4636
56
0
2
139
34
Потврда дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија,дејност или должност
Потврда дека не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност
Потврда дека не е вишана главна парична казна
Забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон
Информација за кривична судска одлука
Забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно - приватно партнерство
Забрана за основање на нови правни лица
Забрана за користење на субвенции и други поволни кредити
Одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон

Табела 19


Издадени информации од регистарот за казни - ПКД
2022 година
445
56
194
4256
11233
4325
3813
1959
4382
94
58
0
318
567
Потврда дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија,дејност или должност
Потврда дека не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност
Потврда дека не е впишана главна парична казна
Забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон
Информација за кривична судска одлука
Забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно - приватно партнерство
Забрана за основање на нови правни лица
Забрана за користење на субвенции и други поволни кредити
Одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон
Привремена забрана за вршење на одделна дејност

Графикон 10




## 9. РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖНИЦИ

Регистарот на задолжници врз основа на евидентираните податоци дава можност за издавање на четири вида на информации и тоа:

- Информација за субјект во својство на должник и доверител – сите евидентирани активни задолжници
- Информација за субјект во својство на должник и доверител – сите задолжници за кои се евидентирани податоци во период: од ___________ до ___________
- Информација за субјект во својство на должник– сите евидентирани активни задолжници
- Информација за субјект во својство на должник - сите задолжници за кои се евидентирани податоци во период: од ___________ до ___________

Горенаведените информации се издаваат во сите канцеларии на Централниот регистар, при што системот нуди можност истите да се генерираат и од страна на нотарите, извршителите и стечајните управници.

Од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година не е евидентирана ниту една задолжница.

## 10. РЕГИСТАР НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ

Со изгласување на новите измени на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, на 27 јануари 2021 година во употреба се пушти Регистарот на вистински сопственици.

Воспоставувањето на Регистарот на вистински сопственици има за цел евидентирање и обезбедување на точни и ажурни податоци за вистинските сопственици на правните субјекти заради обезбедување на висок степен на транспарентност на сопственичката структура. Во Регистарот се внесуваат податоци за сите постоечки субјекти иницијално, како и за сите настанати промени во сопственичката структура на субјектите.

Регистарот не само што претставува централизирана база на податоци заради обезбедување на сигурност во правниот и финансискиот промет, туку и основна алатка за спроведување на соодветна анализа и неопходната контрола над правните субјекти во борбата против перењето пари и финансирањето на тероризам од страна на Управата за финансиско разузнавање и другите надлежни органи.
За точноста, адекватноста и ажурноста на податоците внесени во Регистарот се одговорни овластените лица на правните субјекти, а уписот се спроведува единствено електронски, преку интернет, при што подносителите се идентификуваат и пријавите се потпишуваат со електронски потпис. Овластените лица уписот може да го спроведуваат самостојно или пак да овластат друго лице да поднесе пријава во нивно име.

Покрај уписот во Регистарот на вистински сопственици, во Централен регистар достапни се и Информации од Регистарот на вистински сопственици:

- Тековна состојба за ТД-ДПЛ со преглед за вистински сопственици/- Тековна состојба на сопственост по ТД-ДПЛ

- Тековна состојба за конретно физичко лице со преглед на субјекти каде е евидентиран како вистински сопственик/- Тековна состојба на сопственоста по лице

- Историјат на вистинските сопственици/сопственоста за конкретно за  ТД-ДПЛ/- Историски податоци за промените на сопственоста по ТД-ДПЛ

- Историјат за конкретно физичко лице со преглед на субјекти каде се бил евидентиран како вистински сопственик/- Историја на промени на состојбата по лице

Во горенаведниот закон утврдени се субјектите кои се иземени од обврската за внес, при што нивните вистински сопственици се дефинирани во истиот, а податоците за вистиснките сопственици за овие субјекти при издавање на информации се издаваат согласно претходно запишаните податоци во трговскиот регистар и ресгитарот на други правни лица, како и од регистарот на буџетски корисници. Сепак, голем е бројот на субјекти кои имаат законска обврска за внес на податоци во регистарот и со оглед на тоа што во првите три месеци од пуштањето на системот во употреба постои законска можност за внес на податоците без надомест, се очекува дека бројот на уписи би бил голем, но би немало приходи од тие уписи.

За задоцнет внес е придвидена скалеста тарифа со цел да се изврши притисок за навремено пријавување на податоците.

| X. Регистар на вистински сопственици | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр. | РРК | Иницијален упис на податоци | Промена на податоци | Исправка на иницијално запишани податоци | Исправка на податоци | Тековна состојба физичко лице - целосна | Тековна состојба физичко лице - јавна употреба | Тековна состојба правно лице - целосна | Тековна состојба правно лице - јавна употреба | Историјат за физичко лице - целосна | Историјат за физичко лице - јавна | Историјат за правно лице - целосна | Историјат за правно лице - јавна | Вкупно |
| Вкупно 2022 | | 8,095 | 3,788 | 51 | 45 | 234 | 368 | 6,446 | 36,738 | 357 | 199 | 117 | 766 | 57,204 |
| Планирано 2022 | | 7,500 | 4,000 | 1,500 | 30 | 10 | 300 | 10,000 | 15,000 | 20 | 70 | 10 | 300 | 38,740 |
| Реализирано 2022 | | 107.9% | 94.7% | 3.4% | 150.0% | 2340.0% | 122.7% | 64.5% | 244.9% | 1785.0% | 284.3% | 1170.0% | 255.3% | 147.7% |
| Вкупно 2021 | | 74,985 | 3,393 | 1,414 | 27 | 51 | 314 | 7,301 | 15,951 | 49 | 96 | 36 | 399 | 104,016 |
| 2022 vs. 2021 | | ▼89.2% | ▲11.6% | ▼96.4% | ▲66.7% | ▲358.8% | ▲17.2% | ▼11.7% | ▲130.3% | ▲628.6% | ▲107.3% | ▲225.0% | ▲92.0% | ▼45.0% |

До крајот на 2022 година вкупно 8.095 направиле иницијален упис на податоци за вистински сопственик, направени се вкупно 3.788 промени на податоци, 51 исправки на иницијално запишани податоци, 45 исправки на податоци. Од информации издадени се: 234 тековни состојби за физичко лице- целосна, 368 тековни состојби за физичко лице- јавна употреба, 6.446 тековна состојба за правно лице- целосна, 36.738 тековна состојба за правно лице- јавна употреба, 357 историјати за физичко лице- целосна, 199 историјати за физичко лице- јавна употреба, 117 историјати за правно лице- целосна и 766 историјати на правно лице- јавна употреба.

Табела 20




Табела 21




Графикон 21




* * *

Податоците со кои располага Централниот регистар во текот на 2022 година ги користеа одделни државни институции, единици на локална самоуправа и Министерства. Овие податоци

издадени на државните институции, од страна на Централниот регистар согласно Законот за Централен регистар се издаваат без надоместок. Вкупната вредност на овие податоци, е околу 60.000.000,00 денари.

## 11. СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА

Работата на секторот за информатичка технологија за 2022-та година може да се подели на шест основни групи:

1. Редовни активности за оптимизација на системите, техничко одржување и поддршка на системи и корисници
2. Осовременување и надградба на информатичката инфраструктура
3. Надградба на постојните софтверски решенија и развој на нови
4. Обуки
5. Реорганизација на работата на секторот
6. Сценарио за опоравување од непогода (disaster recovery)

**1. Во делот на редовните активности за оптимизација на системите, техничко одржување и поддршка на системи и корисници извршено е следното:**

- следење и конфигурација на мрежна инфраструктура и телекомуникациски линкови ,
- управување со Active directory и целокупниот системски софтвер и хардвер,
- управување со системите за правење на резервни копии ,
- управување со антивирусна заштита
- секојдневни интервенции/помош при уписите во регистрите,
- обработка на податоци од/за други институции,
- одржување на сите апликативни решенија,
- доделување/одземање на контроли за пристап,
- креирање на сложени извештаи,
- учество во изработка на процедури и директиви за работа на ИТ секторот согласно ITIL/ISO9001/27001 како и отстранување на забелешки од претходна година од сертифицирање и подготовка за тековно ресертифицирање
- следење и подобрување на работата на безбедносните системи
- креирање на SQL изрази и процедури за тековна оперативна работна соодветно за системите кои се во домен на ОПОРДПС,
- следење SQL job-ови и дојава за неуспешност,
- надгледување на бази и апликации за предиктивно решавање на проблемите,
- редовна контрола и ажурирање на работата на средствата за безбедност и подобрување на извештаите за безбедност со нови ставки.

**2. Во делот на осовременување на постојната инфраструктура и нејзино надградување реализирано е следното:**

- конфигурација и имплементација на ново Софтверско решение за управување со IT процеси(управување со ИТ инциденти и ундатвување со ИТ средства - Asset management)
- обновување на услуги за поддршка- продолжување на гарантни услови за уреди за мрежна/компјутерска безбедност
- имплементација на нови безбедносни системи и мерки
- Надградба и ажурирање на безбедносните системи
- Интернет пристап со промена и проширување на рангот на јавни ИП адреси.
- Обезбедување на ДДОС заштита Јавните адреси се обезбедени со ДДОС заштита
- Надградба на информатичка инфраструктура на примарна и секундарна серверска локација со нов серверски кластер и замена на серверски кластер

3. **Во делот на надградба на постојните и развој на нови софтверски решенија направени се следните позначајни работи:**
   - Документирање на најчести проблеми во сите регистарски решенија, со цел оптимизација – корекции во постојните решенија за водење на регистри
   - Техничка поддршка и отклонување на проблеми при конфигурирање на архивските книги во е-архива.
   - Развој на тест и продукциска околина на сервиси преку системот за размена на податоци - XML WEB сервиси;
   - Интервенции во системот за размена на податоци преку платформата на Интероперабилност
   - Надградба на веб и десктоп апликациите за годишни сметки и за генерирање на потврди и извештаи од годишни сметки
   - Активности во проектот за архивирање/чување на електронски документи
   - Проект: Надградба на системот за е-потврди и дистрибутивниот систем
     - Учество во изработка на функционална и техничка спецификација
     - Изработка на упатства за техничка реализација на новите потврди предвидени со овој проект
     - Припреми на техничка документација за постоечките апликации кои се интегрирани со овие два системи
     - Испораки на тест околина
     - Тестирање и соработка со надворешниот изведувач во процесот на анализата и отклонување на багови
   - Истражување, конфигурација на sequrity required headers на порталот на Централниот регистар на тест околина со цел подигнување на безбедноста на системот по направена проценка за cyber ризици. За таа цел направено е целосна проверка на сите системи на ЦР по исклучување на SSL3.0, TLS 1.0, TLS 1.1 и пренасочување на https. По направените проверки преземени се активности за отклонување на проблеми поради овие промени.
   - Миграција на изворни кодови на ТФС Гит 2017
   - Целосна конфигурација на in и dmz сервери за дев околина за сите системи кои комуницираат со Дистрибутивниот систем и системот за е-потврди. Целосна синхронизација на сите бази кои се потребни на дев околина.
   - Миграција на базите CRIS_V21, OSSDistr на SQL 2017 на дев околина
   - Учество во проектот за усогласување со ЕУ директиви
   - Надградба на веб апликациите за е-регистрација и директни инвестиции со цел отклонување на проблем со невалидни улици кај седиште на субјект и кај физички лица
   - Корекции во постоечките потврди од регистарот на вистински сопственици
   - Надградба на системот за РЕВИС поради усогласување со законски измени
   - Отклонување на проблеми при комуникација на ЦР со УФР
   - Надградба на апликациите за годишни сметки за имплементација на проверки ограничување согласно табели доставени од ИСОС. Оспособување на веб сервиси со кои ИСОС треба да ги доставуваат податоците. Испорака на тест околина и отклонување на проблеми пријавени при тестирањето
   - Надградба на веб порталот на ЦР со цел отклонување на пријавени неправилности во објавите на деловодните броеви
   - Отклонување на сите проблеми по редизајнот на веб апликацијата за Адресен регистар и целосно оспособување на апликацијата за работа
   - Учество во подготовка на тендерска документација и во комисија за евалуација на понуди за избор на најповолен понудувач

- Развој на нов производ Извештај за граѓански организации, испорака на тест, отклонување на багови и испорака на продукција
- Надградба на РДИ веб апликацијата со цел овозможување на скенирање со брзи скенери
- Синхронизација на корисници во Адресен регистар со ЦМУ – корекција на постоечката логика и овозможување на синхроно доделување и одземање пристап
- Проект: Надградба на едношалтески систем – учество во дефинирање на функционална спецификација

**4. Активности поврзани со обуки на вработените во секторот за ИТ**

- Извршени интерни специјализирана обуки подготвени од вработени во секторот одговорни за надградба и развој на системи/софтверски решенија
- Извршени и посетени обуки за секој нов систем што се поставува во продукција
- Одделенски/секторски обуки/презентации подготвени од вработени во одделението поврзани со посетените обуки и новите воведени технологии
- Посета на официјални и специјализирани Microsoft обуки

**5. Реорганизација на работата на секторот согласно ISO, ITIL стандардите**

Доработена документација процедури/директиви за работа на ИТ секторот согласно ITIL/ISO9001/27001:

- упатство за управување со промени кај ИТ услуги,
- упатство за управување со ИТ средства,
- директива за backup&restore,
- DRC план за ИТ делот од DR

**6. Во делот на сценарија за опоравување од непогода (disaster recovery) –планирање, конфигурација, тестирање, извршено е следното:**

- Изработено е сценарио и упатство за конфигурација и тестирање за опоравување од непогода на ниво на институција.

## 12. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЛАН, РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Основните цели и надлежности на Одделение за планирање, развој и меѓународна соработка / Организациска единица за квалитет (ОПРМ/ОЕК или ОПРМ) се подигнување на целокупниот квалитет на работењето во институцијата преку планирање, развој и анализи со цел да се зголеми квалитетот и обемот на издадени услуги, да се прошири портфолиото на услугите во Централен регистар (ЦР или ЦРРСМ) преку истражување и анализа на меѓународните искуства со приоритет на домашниот пазар.

### 1. РЕАЛИЗИРАНИ ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ НА ОПРМ/ОЕК ЗА 2021 ГОДИНА

Врз основа на Годишниот план за работа за 2022 година се прави полугодишен и годишен пресек на реализација за да се утврди статусот на активностите кои се спровеле во одделение за планирање, развој и меѓународна соработка во Централен регистар, а се во насока на реализација на Акцискиот План на планот за работа на одделението за 2021 година.

#### 1.1 Изработени, координирани и усвоени регулативни документи од страна на ОПРМ за 2022 година.

Во текот на 2022 година ОПРМ во координација со останатите организациски единици (ОЕ) во ЦР изработи повеќе регулативни документи кои го регулираат внатрешното работење во институцијата, според законските барања како и барањата произлезени од ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018 и ISO 27001:2013. Исто така ОПРМ/ОЕК учествуваше во изработка на документи на одделните сектори/одделенија кои го регулираат внатрешното работење на ЦР.

Дефинирањето на целите и одговорностите преку овие документи директно влијае на подобрување на квалитетот и транспарентноста во работењето на ЦР.Во текот на 2021 година изработени или изменети и дополнети се следниве регулативни документи во институцијата:

- ПР 105 -09-01 Измена на процедура за користење на податоци преку ИДС
- ПКПОЛ 003 Прирачник за интегриран менаџмент систем
- УР 130-13-03 Упатство за работа Уништување на електронски документи во системот за е- потврди ,
- УР 130-13-06 Управување со промени кај ИТ услуги/ софтверски решенија
- ПР 110-09-02 Процедура за издавање на информации од РВС
- ДД010-Директива-Пристап до софтверски решенија и одговорни лица за софтверски решенија
- ДД008 Директива евидентирање на работно време во ЦР
- Издавање на тековни состојби со повеќе страни
- ДПОЛ015 Политиката за управување со лозинки и автентикација на внатрешни и надворешни корисници во Централен регистар
- Колективен договор за изменување и дополнување на колективен договор
- ПР 110-09-02 Процедура за издавање на информации од РВС_нов закон
- Методологија- Проценка на влијание на ЗЛП при промена на Закон
- УР-105-09-01-Упатство за регулирање на процесот за постапување со рекламации
- Измени на обрасци од ДД048 Директива за управување и безбедност на windows domain (корисници)
- УР 130-13-07 Упатство за управување со испораки кај ИТ услуги/софтверски решенија
- ДД041 Директива за стручно усовршување на вработените и прилозите
- Нови верзии од записите/ барања за издавање на информации од поединечните регистри согласно одредбите од Законот за употреба на јазиците
- ДПОЛ 015 Политика за управување со лозинки и автентикација на внатрешни и надворешни корисници во Централен регистар
- УР 102-09-02 Упатство за издавање и одземање овластување на регистрационен агент

Регулативи во процес на хармонизација и изработка:

- ДД053 Директива - Правилник за обработка на личните податоци во ЦР
- ДД052 Директива – Правилник за обврски и одговорности на администраторите на информацискиот систем и одговорните вработени по збирките на лични податоци, предлог Решение/Одлука за определување на овластено лице за безбедност на информацискиот систем
- Каталог на збирки на лични податоци анализа согласно законски барања
- Нова предлог верзија од класификација на деловните информации во ЦР
- Политика за управување со систем за заштита на лични податоци
- Процедура за правата на субјектот на личните податоци
- Месечен извештај за заштита на лични податоци
- Изјава за доверливост за заштита на лични податоци
- Овластување за обработка на лични податоци
- ДД019 Директива Случај на опасност / вонредни состојби
- ДД020 Директива за управување со заштита и безбедност при работа
- ДД021 Директива за управување со инцидентни ситуации
- ДД022 Директива за идентификација на опасност и проценка на ризик
- ДД023 Директива за управување со отпад
- ДД024 Директива за управување со заштита на животна средина
- ДД025 Директива за вреднување на усогласеноста со прописите животна средина и здравје и безбедност при работа
- ДПОЛ 009 Контекст на Централен регистар

- ДПОЛ 006 Политика за здравје и безбедност при работаПР 104-06-1 Процедура за безбедност и здравје при работа
- ПКПОЛ 003 Прирачник за интегриран менаџмент систем

**1.2 Активности поврзани со Интегриран менаџмент систем (ИМС) за 9001:2015, 14001:2015, 45001:2018 и 27001:2013**

Подобрувањето на квалитетот на работењето во континуитет, Централен регистар го реализира преку примена на најдобро прифатени деловни пракси, одржување и воведување на интернационални (ISO) стандарди. Централниот регистар согласно стандардот за безбедност на информации како врвен приоритет во работењето се стекна со потврда за квалитет од аспект на безбедност на информации од страна на сертификациска куќа со извршена проверка реализирана на 28.12.2021 година. На почетокот на 2023 година претстои нова проверка на системот за безбедност на информации од сертификациска куќа. Исто така, во текот на 2022 година спроведена е надзорна проверка и ресертификација за стандардите ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018 од страна на сертификациската куќа на системите за квалитет, животна средина и здравје и безбедност при работа, во период од 01 до 02.11.2022 година во Централа, РРК Скопје, РРК Тетово и РРК Куманово. За време на проверката не се најдени неусогласености во однос на барањата на стандардот ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и ISO 45001:2018, кои можат да се рефлектираат на квалитетот на производот/услугата и задоволството на купувачите за што е добиен извештај со препораки за подобрување од аспект на квалитет, заштита на животна средина и безбедност и здравје при работа. Во врска со забелешките и препораките за подобрување кои произлегуваат од извештаите, се преземаат соодветни активности од страна на ОПРМ во координација со ОЕ на ЦР и истите се отстрануваа во текот на работењето.

**1.2.1 Активности ISO 9001 (Систем за квалитет)**

Во организација на ОПРМ Централен регистар одржа преиспитувањето за квалитет на врвно раководство на ЦР во септември 2021 година каде се разгледаа и усвоија следниве документи и заклучоци:

- План за интерна проверка на Интегрираниот менаџмент систем на ЦР
- Програма за интерна проверка на Интегрираниот менаџмент систем на ЦР
- Наодите од интерните проверки од април/мај 2022 година во одделните организациски единици и регионалните регистрациони канцеларии и тоа: РРК Скопје и Централа Скопје, РРК Штип, РРК Куманово, РРК Велес, РРК Охрид, РРК Прилеп, РРК Битола, РРК Кочани, РРК Струмица, РРК Тетово, РРК Гевгелија, РРК Гостивар како и во регистрационите канцеларии кои се под нивна надлежност.
- Извештаи по одделни процеси во организациските единици од реализирани интерни проверки
- Регистарот на корективни и мерки за континуирано подобрување, согласно интерните проверки се идентификуваа корективни мерки и за истите беа покренати корективни мерки и мерки за подобрување.
- Кумулативниот извештај за преиспитување на врвното раководство.
- Резултатите од надворешни ревизии, надзори и претходни интерни проверки, спроведен е годишен надзорен аудит на стандардите од страна на надворешна куќа
- План и преглед на реализација на Цели
- План за обуки на човеки ресурси и реализирани обуки на човечките ресурси

- Извештај за мерење на задоволството на корисниците/Повратна информација од корисниците на услуги Оценка и справување на ризици Стратегија за третман на ризици
- Резултати од спроведените активности што произлегуваат од воспоставениот систем за животна средина на ЦР
- Учинокот за здравје и безбедност при работа во ЦР/Извештај од проценка на Ризик
- Заклучоците на врвното раководство за спроведување на дефинираната Политика за Квалитет, Политиката за безбедност на информации, Политика за животна средина и Политиката за здравје и безбедност при работа на ЦР;
- Анализа на закони и подзаконски акти
- Препораките за подобрување.

ОПРМ во рамките на своите надлежности целта за подобрување на квалитетот на работењето во Централен регистар во континуитет ја реализираше преку:

- Следење на реализацијата на целите на ЦР согласно преглед и реализација на цели во делот каде ОПРМ има одговорност и надлежност на истите

- Унапредување на внатрешниот систем на регулативни документи преку документирање на секој процес во ЦР.
- Редовно вршење на интерен аудит според планот за интерни проверки во организациските единици во ЦР.
- Справување со неусогласеностите со стандардите преку покревање на корективни мерки и мерки за континуирано подобрување согласно планот за корективни мерки и мерки за континуирано подобрување.
- Реализација на активностите поврзани со регистарот на корективни дејствија и мерки за подобрување.
- Следење на реализација на проекти во Централен регистар преку воспоставено Проектно координативно тело и примена на одредбите од регулатива за проектно портфолио, матрица за одредување на степен на сложеност и проценка на ризици и план за третман за ризици на секој проект и употреба на прилози од регулативата како дел од проектната документација. Следење на статусот на проекти од страна на ОПРМ во точно дефинирана форма централизирано на заеднички фолдер достапен со дефинирани пермисии за ОПРМ, тимот на ПКТ и проект менаџерите.
- Обука на вработените на ЦР за системот за управување со регулативни документи (ДМС), обука за новвработените за запознавање со работата, како и за безбедност на информации во Централен регистар, од аспект на здравје и безбедност при работа се спроведе обука за ПП-Апарати и обука за прва помош, обука за прва помош и заштита, обука за класифицирани информации, обука од областа на етичкото однесување и спречување корупција и обука за интерна комуникација-електронски (on-line) канали и безбедност на е-пошта
- Ажурирање на матрица за управување со ризици по средства во ЦР во која јасно се дефинирани сите ризици, пресметан е моменталниот ризик, направен е план за справување со ризици, предложени се мерки со кои ќе се намали ризикот. Матрицата се ажурира еднаш годишно.
- Со воспоставување на системот за водење на проекти и формирање на проектно координативно тело проектните групи под водство на проект менаџерот изработуваат и поединечни матрици за управување со ризици за секој проект. Вака дефинираните ризици се основа за преземање на натамошни активности во насока на нивно отстранување или сведување на минимум при спроведување и реализација на планираните проекти.

- Подобрување на целокупниот процес на интерна комуникација преку редовно одржување на работни средби и состаноци на раководството, членови на работни тимови и проектни групи. Овие активности се поткрепени со документирани информации – записници со конкретни заклучоци и извештаи од сработеното. Интерниот портал е во функција и информациите се доставуваат до вработените на ЦР во координација со КД и членовите на тимот.
- Воспоставен процес на следење на договори во Централен регистар од страна на ОПРМ спроведување координативни активности за прибирање информации потребни за редовно ажурирање на регистарот на договори, следење, контрола и известување во координација со останати организациски единици.

### 1.2.2 Безбедност на информации на Централен регистар

ЦРРСМ претставува централна информативна база на државата. Ги опслужува граѓаните и институциите со единствена веродостојна верзија на информации за деловните субјекти. За да ја обезбеди ваквата верзија на податоци потребно е континуирано да инвестира во технологија и информатичката инфраструктура за одржување на податоците со кои располага, а резултатот на ваквото инвестирање е намалување на степенот на ризик од грешки при работењето, можности за испади на информацискиот систем и целосен или делумен прекин на услугите, а со тоа да осигура континуитет во работењето. Пред сѐ мора да се обезбедат точни, навремени и веродостојни информации и да води сметка прекинот на сервисите да биде сведен на минимум, обезбедувајќи нивна целосна достапност согласно усвоената Стратегија за третман на ризици на ЦРРСМ и Планот за континуитет во работењето на ЦРРСМ. Безбедноста беше дел од стратешките цели во 2022 година, а целокупниот развој и имплементација на проектите е стандардизирана во рамки на Системот за управување со безбедност на информации.

Во 2022 година исполнети се целите за безбедност на информации во Централен регистар:

- Исполнување на безбедносните барања на ISO 27001:2013 на системот за безбедност на информации
- Дефинирање на оперативни процедури за зајакнување на системот за безбедност на информации
- Заштита на интересите на ЦР од штетни влијанија (појава на комерцијални регистри, неовластено користење на податоци)
- Зајакнување на информатичката инфраструктура и потребите на информацискиот систем
- План за деловен континуитет и опоравување од катастрофи
- Усогласување со прописите (за ЗЛП и ЗКИ)
- Физичка безбедност поврзана со обележување на безбедносни зони и Дигитализација на архивите на Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица

Преземени се мерки и активности од аспект на безбедност на информации во насока на:

- Унапредување на состојбата во сите сегменти и процеси од работењето на ЦР од аспект на безбедност на информациите;
- Исполнување на барањата на стандардот во соработка со Секторот за информатичка технологија.
- Усвојување на регулативна документација како резултат на потребите на работните процеси, а поврзана со поединечните барања од ISO 27001:2013 политики за безбедност на информации, внатрешна организација, човечки ресурси, управување со средства, управување со пристапи, криптографија, физичка и просторна сигурност, сигурност на операции, сигурност во комуникациите, набавка, развој и одржување на информационите системи, управување со добавувачи, управување

со промени и испораки, управување со инциденти и аспекти на информациска безбедност во управувањето со институцијата.

- Во координација со овластеното лице за безбедност на информатичкиот систем спроведен е Phishing test до вработените во ЦР
- Заштита на податоците и подигнување на свеста кај вработените, запознавање со безбедноста на информациите и нивната важност преку изработка, организирање и спроведување на интерна обука на тема: Безбедност на информации согласно ISO 27001:2013 и интерна обука на тема: Интерна комуникација-електронски (on-line) канали и безбедност на е-пошта ISO 27001:2013
- Извештаи од спроведени обуки за Безбедност на информации согласно ISO 27001:2013 и Интерна комуникација-електронски (on-line) канали и безбедност на е-пошта
- Одржување на систем за безбедност на информации, следење и континуирано подобрување согласно барањата на ISO 27001:2013
- Подобрување на контролни мерки за безбедност на информациите
- Подобрување на технички мерки за безбедност на информациите
- Подобрување на организациски мерки за безбедност на информациите
- Подобрување на физички мерки за безбедност на информациите
- Преземање на мерки за намалување на ризиците согласно планот и стратегијата за третман на ризиците согласно нивното значење.
- Проверка од надворешна сертификациска куќа на системот за безбедност на информации според ISO 27001:2013
- Извршено редовно пенетрациско тестирање и откривање на слабости на информацискиот систем (Penetration testing and Voulnerability testing)
- Унапредување на работењето со класифицирани информации во ЦР, уредување на процесот за работа со овие информации, обезбедени сертификати за вработени кои работат или имаат допир со класифицирани информации, уредување на деловен простор за работа со класифицирани информации согласно барањата на ДКИ, спроведена интерна обука за заштита на класифицираните информации за вработените кои работат и имаат допир со класифицираните информации.
- Координација во работењето со сите ОЕ заради исполнување на барањата на стандардот во сите ОЕ.
- Внатрешна и надворешна проверка и следење на системот за безбедност на информации според ISO 27001:2013
- Ажурирање на Листа на применливи безбедносни контроли (SoA), со новите контроли од ISO 27001:2013
- Дефинирање на долгорочни и годишни цели за безбедност на информации
- Спроведување и оценка на ризик на сите средства што го сочинуваат системот за безбедност на информации
- Изработка на План за проценка на ризик
- Изработка на стартегија и план за справување со ризик
- Ажурирање на Матрица на деловни документи на ЦР и промена на регулатива
- Регулирање на процесите за управување со испораки и промени
- Управување со реализација на мерки за подобрување и корективни мерки
- Одржано преиспитување на ВР на кое се дефинирани мерките за континуирано подобрување

**Заштита на личните податоци во Централен регистар**

Целта е да се дефинираат одговорностите, правата и обврските поврзани со заштитата на личните податоци на вработените во ЦР како и заштита на личните податоци кои произлегуваат од основната

дејност на ЦР. Во тој правец се и активностите кои ОПРМ согласно планот за заштита на личните податоци во 2022 година и тоа:

- Изработка на годишен план за заштита на лични податоци и координација на активностите за заштита на лични податоци согласно тој план
- Преземање на потребните активности, задачи и одговорности од страна на лицето назначено за офицер за заштита на лични податоци од ОПРМ.
- Континуирана соработка со надлежните субјекти од оваа проблематика надвор од институцијата ( АЗЛП и сл. )
- Прилагодување кон законски барања согласно Законот за заштита на лични податоци
- Примена на новите законски барања согласно Законот за заштита на лични податоци
- Проверки на системот за заштита на личните податоци
- Отстранување на повреди на Законот за заштита на личните податоци во координација со Агенцијата за заштита на личните податоци
- Изработка на нова регулатива за заштита на лични податоци и нејзина континуирана примена.
- Каталог на збирки на Лични Податоци, анализа согласно законски барања
- Анализа на степен на усогласеност на Централен регистар согласно нови законски барања
- Посета на обуки за заштита на личните податоци запознавање со новините на новиот Закон за заштита на личните податоци
- Проценка на влијание на приватноста и заштита на лични податоци
- Ризик анализа на збирките на лични податоци во Централен регистар.

**Активности за класифицирани информации во Централен регистар добиени од државни органи**

- Обезбедени се соодветни технички и организациски мерки согласно Законот за класифицирани информации.
- Воспоставено е физичко обезбедување и примена на технички и други средства за обезбедување на објекти и простории во кои се чуваат класифицираните информации (согласно ДД009 Директивата на Директорот на ЦР за работа со класифицирани информации добиени од државни органи)
- Направена е проценка за можно нарушување на безбедноста на класифицираните информации во Централен регистар
- Изработен е Годишен план за работа со класифицирани информации
- Квартален извештај за состојбите со класифицираните информации
- Евиденција на лица со безбедносен сертификат за класифицирани информации

Обновување на серификати за лица кои ќе работат со класифицирани информации во ЦР од страна на Дирекцијата за класифицирани информации во Република Северна Македонија. Спроведена интерна обука за заштита на класифицираните информации за вработените кои работат и имаат допир со класифицираните информации.

**Безбедноста на деловни информации на Централен регистар**

Класифицирање на целокупната внатрешна документација за регулирање на деловните процеси во ЦР произлезени од приоритетната дејност и останатите организациски процеси.

- Изработен е нов предлог за степенување на деловните информации во ЦР;
- Редовно ажурирање и примена на усвоената Матрица со список на деловни информации;
- Отпочнат е процес на хармонизација за предлог за промена на Директива за класифицирање на документација и интерни деловни информации во ЦР.

**1.2.3 Активности за заштита на животната средина согласно стандард ISO 14001**

- Идентификација и следење на законските регулативи – Законот за животна средина и Законот за управување со отпад
- Идентификација и вреднување на аспектите на животната средина
- Управување со аспектите кои се идентификувани како значајни за ЦР (електронски отпад, хартија, батерии)
- Водење на единствен регистар на институцијата за одложена хартија и електронски отпад
- Изработка и корегирање на договори со деловни партнери, соработници и добавувачи во институцијата и надвор од неа согласно стандардот (додавање на член за заштита на животна средина).
- Реализирање на потребните набавки во врска со стандардот поддршка на активности за заштита на животната средина како општествено одговорна Институција (селектирање на отпад, отстранување на стара хартија, отстранување на електронски и електричен отпад и сл.)
- Учество во постапката за отстранување на електронски отпад и хартија.
- Дефинирани цели од аспект на на животната средина, нивно следење и реализација.
- Изработка и измена на регулативните документите во институцијата согласно стандардот.

**1.2.4. Активности за заштита и безбедност на вработените согласно стандардот ISO 45001**

- Заштита и безбедност на вработените во координација со Стручно лице за безбедност и заштита на работа
- Активности за справување со состојбата со Ковид-19 во Централен регистар, учество во кризниот штаб и преземање на мерки за заштита на вработените, соработниците и корисниците на услуги.
- Координација при исполнување на обврските на ангажираната куќа за водење на активности поврзани со безбедност и здравје при работа
- Дефинирани цели од аспект на Заштита и безбедност на вработените согласно ISO 45001.
- Изработка и измена на регулативните документите во институцијата согласно стандардот.
- Учество во реализирање на потребните набавки во врска со стандардот согласно извештајот од направените внатрешни и надворешни проверки на Институцијата.
- Изработка на мапи за евакуација со соодветни елементи потребни за евакуација во случај на катастрофа како и обележување на зоните за пристап и движење во деловните простории Одржување за заштита од пожари, состојба со опремата и средствата за заштита од пожари, проценка на состојбата на подготвеност за справување со пожари и други кризни ситуации. Изработка на План за заштита и спасување по канцеларии.
- Подобрување на условите за работа по организациски единици на ЦР –набавка на канцелариски мебел, подобрување на ергономија и сл.
- Подобрување на условите за работа низ РК и РРК, канцелариски мебел и ергономски столици во РК и РРК
- Решавање на проблемот за застарената електрична инсталација и заземјување
- Спроведени обуки за вработените за здравје и безбедност при работа во јули и ноември 2022.
- Координација при изработка на Планови за заштита и спасување низ регионалните канцелариiПроценка на ризик согласно Законот за безбедност и здравје при работа и Правилникот за начинот на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценката на ризикот по работно место
- Изјава за безбедност при работа по работно место
- Спроведена вежба за евакуација во случај на пожар за 2022 година во РРК и РК
- Реализирани мерења на отпор на заштитно заземјување во РРК и РК и изработени извештаи од мерењата
- Извештај за опасностите и штетности по работно место на ниво на ЦР

**1.3 Координација, следење и реализација на планови, цели и проекти**

ОПРМ во текот на 2022 спроведе активности поврзани со воспоставениот систем и пропишаната методологија за планирање, следење и реализација на планови, цели и проекти. Преку конкретни мерливи показатели се планира и следи реализацијата на плановите, целите и проектите во ЦР.

- Во континуитет следење на активностите и реализацијата на плановите, целите и проектите со цел успешно планирање на наредните активности, утврдување на степен на реализација, преземање на конкретни мерки за натамошна реализација.
- Изработка на извештај за реализација на План за работа на Централен регистар за 2022 година
- Изработка на План за работа на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2022 година
- Изработката и следење на Финансиски план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2022 и 2023 година
- Спроведување на Развојна стратегија 2023-2027 година
- Изработка на годишен план за спречување на корупција за 2023 година на Централен регистар
- Следење на Проектното портфолио на Централен регистар како и ажурирање на неговата содржина.

Во делот на проекти во ЦР согласно стратешките определби на Институцијата, ОПРМ преку анализи, учество во работни групи за проекти, членување во Проектно координативно тело во текот на 2022 година. Активности кои ОПРМ ги спроведе во 2022 година се и учество во работни групи за проекти, проектно координативно тело и надлежностите кои произлегуваат од регулативниот документ за Проектно портфолио на ЦР.

### 1.3.1 Проекти поддржани од ОПРМ - Заедничката рамка за оценка - CAF

Заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) е европски инструмент за управување со квалитетот за јавниот сектор, врз основа на спроведување на самооценување од страна на самата институција. Ова е дополнителна алатка кон низата инструменти воведени за промовирање и спроведување на потполни принципи за квалитет во институцијата. CAF моделот се базира на претпоставките дека одличните резултати во институцијата се постигнуваат низ водство темелено на инспиративна стратегија и планирање и со поддршка на луѓето како најдрагоцен капитал, преку градење на партнерствата, рационално искористување на ресурсите и унапредување на процесите.

Употребата на CAF и овозможува на институцијата да иницира процес на постојано унапредување во нејзиното работење; да направи проценка на работењето, врз основа на докази за квалитет во управувањето темелени на критериуми широко прифатени низ јавниот сектор во Европа; да ги идентификува подеднакво напредокот, но и слабости во постигнувањата; да пронајде начин да постигне конзистентност и консензус за она што треба да биде направено за да се подобри организацијата; да обезбеди поврзаност меѓу резултатите што треба да се постигнат и добрите практики како тоа да се направи и да го измери прогресот низ периодични само-оценки.

Заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) Централен регистар ја имплементираше во координација и поддршка од МИОА. По завршениот прв циклус на ЦАФ, Централен регистар очекува назначување на сертификатор од страна на МИОА со што целиот процес ќе заврши со сертифицирање на институцијата согласно ЦАФ моделот. Натамошни насоки поврзани со ново законско решение, сертификација и новитети поврзани со Заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF), Централен регистар очекува од МИОА како координатор на овој модел согласно постоечкото законско решение.

### 1.3.2 Проекти поддржани од ОПРМ - Регионален Бизнис Портал - Регионална ИТ платформа BIFIDEX

Клучна цел на Регионалниот Портал на Трговски Регистри во Југоисточна Европа е да се воспостави регионална информациона платформа. Активности кои ЦР ги спроведува се воспоставување на сите производи предвидени со проектот и отпочнување на пристап за корисниците најпрво до бесплатните информации на порталот како и проширување на услугите кон корисниците. ОПРМ преку своите надлежности и активности учествува во реализацијата на Проект за регионална регистарска платформа на

податоци (Regional registers platform project) BIFIDEX. Регионален Бизнис Портал - Регионална ИТ платформа што овозможува поврзување на регистарските институции во регионот, пренос на податоци и нуди услуги со додадена вредност на бизнис заедницата.

### 1.3.3 Проекти поддржани од ОПРМ - Регистар на крајни / вистински сопственици

ОПРМ ја има улогата во Регистар на крајни/вистински сопственици од аспект на безбедност на информации и воспоставените безбедносни алатки и критериуми во функционирањето на регистарот.

### 1.3.4 Проекти поддржани од ОПРМ - Дигитализација на архивите на Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица – Заштита на архивскиот материјал од трајна вредност и државен интерес

Учество во реализација на проект преку формиран работен тим и изработка на регулатива се со цел излегување во пресрет на државните интереси и бизнис заедницата што секогаш е приоритет на ЦР заради заштита на Единствената валидна верзија на документи за животниот циклус на правните субјекти со кои се опслужува целата бизнис заедница, а е во располагање на ЦР, има трајна вредност и мора да биде соодветно заштитена од оштетување, губење или уништување на начин што ќе се скенира односно рескенира цел архивски материјал. ОПРМ изработи Процедура за дигитализација на архивите на ТР во координација со ОЕ, преку претставници во тимот активно учествува во развој и надградба на системското решение како и во делот на операционализација на активностите предвидени со акцискиот план.

### 1.3.5 Проекти поддржани од ОПРМ – Надградба на дистрибутивен систем, системот за е-потврди и системот за електронско плаќање

Надградбата на системите ќе овозможи нудење на нови услуги и начини на дистрибуција на информации од регистрите кои ги води Централен Регистар на РСМ, што ќе овозможи побрз и поедноставен пристап до релевантни правни и финансиски податоци за бизнис заедницата, односно придонесе кон подобра информираност, а со тоа и можност за носење на поквалитетни одлуки, како и побрзи административни услуги. Успешната реализација на проектот подразбира целосна и навремена реализација на предвидените задачи и тоа:

1) Воспоставен нов интерфејс со одлично корисничко искуство (UX/UI), со спојување на досега засебните системи ДС и ЦРИС како и овозможување на технички можности за користење на услугите од кој било уред (десктоп компјутер, лаптоп, таблет, паметен телефон)

2) Воведување на можност за динамично креирање на пакети на услуги со автоматско пресметување на попуст и можност за нивно користење во определен временски период (до 12месеци), согласно потребите на корисниците и Централниот Регистар,

3) Овозможување на функционалност за нарачка и плаќање на која било услуга-информација/потврда што Централен Регистар на РСМ ја нуди иако истата не е достапна во електронска форма,

4) Воведување можност за нарачка на документи со испорака на домашна адреса, Развој на нови производи – информации/потврди во електронска форма, поименично и детално дефинирани во спецификација за проектот

6) Вградување на временски печат во електронски потпишаните документи.

7) Вградување на QR code, со цел проверка на издадените електронски документи

8) Имплементирање на член 2 (количински попусти) од тарифата на Централен Регистар на РСМ во CRIS.

9) Сите креирани софтверски решенија да бидат базирани на докажана технологија;

10) Надградби на постојните софтверски решенија, треба да ги задоволуваат меѓународните стандарди за безбедност и заштита на податоци како и определени барања за минимални перформанси;

ОПРМ согласно методологијата за сложеност на проекти изработи проценка со што заклучивме дека проектот е со голема сложеност во вредност до 85

Сложеноста на проектот е резултат од збирот на вредностите дадени во методологијата за факторите за сложеност на проект и тоа :

- организациона сложеност со вредност 40;
- техничка сложеност со вредност 35;
- сложеност на окружувањето со вредност 6;
- финансиски средства со вредност 4.

За овој проект ОПРМ изработи и Анализа на ризици која исто така е по претходно утврдена методологија.

### 1.3.6 Проекти поддржани од ОПРМ – софтверско решение за водење на порамнување

Со проектот ќе се воспостави ново софтверско решение за водење на постапката за порамнување и водење на прекршочната постапка од страна на Комисија за одлучување по прекршок. Со апликацијата ќе се овозможи автоматско изготвување на списоци, документи, платни налози, записници и решенија и автоматизирано добивање на архивски број преку системот на е-Архива. Ќе се обезбеди софтверско следење на уплатите од платните налози и решенијата донесени од комисијата и ќе се обезбеди пристап како внатрешен и надворешен корисник.
ОПРМ согласно методологијата за сложеност на проекти изработи проценка со што заклучивме дека проектот е со голема сложеност во вредност до 80
Сложеноста на проектот е резултат од збирот на вредностите дадени во методологијата за факторите за сложеност на проект и тоа :

- организациона сложеност со вредност 39;
- техничка сложеност со вредност 27;
- сложеност на окружувањето со вредност 10;
- финансиски средства со вредност 4.

За овој проект ОПРМ изработи и Анализа на ризици која исто така е по претходно утврдена методологија

### 1.3.7 Проекти поддржани од ОПРМ – надградба на едношалтерски систем, систем за е-потврди и системот за електронско плаќање

Целта на проектот е надградба на Едношалтерски систем, што вклучува нови услуги преку интеграција со Управата на јавни приходи и Царинска управа за автоматско добивање на податоци/документи за платени даноци, придонеси и царински давачки, интеграција со Централниот регистар на население, технолошка надградба на подсистемот за размена на податоци со Управата за јавни приходи и банките и други нови функционалности.
ОПРМ согласно методологијата за сложеност на проекти изработи проценка со што заклучивме дека проектот е со голема сложеност во вредност до 96
Сложеноста на проектот е резултат од збирот на вредностите дадени во методологијата за факторите за сложеност на проект и тоа :

- организациона сложеност со вредност 43;
- техничка сложеност со вредност 38;
- сложеност на окружувањето со вредност 10;
- финансиски средства со вредност 5.

За овој проект ОПРМ изработи и Анализа на ризици која исто така е по претходно утврдена методологија.

## 1.4 Учество во стратегии донесени од Владата на РСМ

Во текот на 2022 година ЦР се прилагодуваше и постапуваше во насока на исполнување на Стратегиите на Владата како носител на активности:
1. Стратегија - Отворено владино партнерство
Проект на Владата координиран од МИОА за олеснет пристап до податоци кои се на располагање на институциите.

2. Стратегија - Доближување на владиниот до невладиниот сектор
Проект на МТСП за олеснување на пристап до податоци што ќе овозможи најразлични бенефити за граѓанските асоцијации и здруженија на граѓани.

**1.5 Меѓународна соработка**

- Претставници на Централен регистар присуствуваа на конференциите на деловните регистри – IACA, CRF и ЕБРА

- Иницијативата на Централен регистар под наслов „Beyond National - one stop shops services through their digitalization and interoperability in the Western Balkans" во име на Управниот Одбор на регионалниот регистарски портал беше победник на Public Administration Award 2022. ReSPA и SIGMA/OECD кои во платформата BIFIDEX.com, како награден проект, препознаа иницијатива за зголемување на транспарентноста, правната сигурност и олеснувањето на работењето на поширокиот пазар на Западниот Балкан и ја одликуваа нашата институција со престижна награда на Public Administration Award 2022.

- Во ноември Централниот регистар на Република Северна Македонија беше домаќин на работната група на Европската асоцијација на деловни регистри (EBRA), чии членови се сите познати организации на регистри со CRF, ASOLARC, IACA. Тие подготвуваат извештај за работата на деловните регистри. Извештајот за истражување на меѓународните регистри претставува соработка меѓу Европската асоцијација за деловни регистри (EBRA) и:

- Форум за корпоративни регистри (CRF)

- Меѓународна асоцијација на комерцијални администратори (IACA)

- Здружение на регистри на Латинска Америка и Карибите (ASORLAC)

Традиционално истражувањето се подготвува во хартиена форма, но во 2021 година, Извештајот за меѓународни регистри стана дигитален, што овозможи нов вид на известување. Инпутот се добива од прашалник во дигитална форма (сурвеј), кој се испраќа во сите јурисдикции низ светот до агенцијата која ги води деловните регистри за компании и нивните финансиски податоци.
Интернационалниот извештај за 2021 година се објави во октомври 2022, по што веднаш се започна со работа за наредниот извештај 2022 година.
Трите работни дена во Скопје, работната група ги сумираше резултатите добиени како инпут даден од јурисдикциите низ светот и ќе се донесат заклучоци по однос на различните секции предвидени во извештајот.
Исто така, ќе се разговара за начинот на унапредување и воведување на новини во прашалникот и извештајот за 2023 година, подобрување на соработката на работната група и подобрување на респонзивноста од страна на учесниците.
Членови на работната група се претставници од деловните регистри на Италија, Германија, Англија, Ирска, Нов Зеланд, Канада, САД, како и од Северна Македонија.
• Претставници на Централен регистар активно учествуваат и во работната група за Company Law и Public Sector Information и активно ги следи случувањата со европската регулатива и нејзиниата имплементација, комуницира со Европската комисија и влијае на измените и дополнувањата на директивите и имплемнтациските акти што се прават.
• Централен регистар преку негови претставници редовно оди на билатералните скринизи за процесот за влез во ЕУ. Централен регистар е тангиран во следнинте Поглавја: Оданочување Поглавје 16,

Право на основање и слобода на давање услуги Поглавје 3, Слобода на движење на капитал Поглавје 4, Право на трговски друштва Поглавје 6.

### 1.6 Дополнителни реализирани задачи и активности

- Учество во анализа на моделите на финансирање на истородни институции во регионот и во Европа како и анализа за транспонирање на ЕУ директивите од доменот на регистри.
- Учество во изработка на Стратегија за развој на Централен регистар 2023-2027, утврдување на сложеност на проекти и приоретизација на проекти во развојниот период.
- Тестирање на функционалности во системското решение за е-архива, одобрување на поднесени барања за пристап, внес и скенирање
- Активности поврзани со електронското решение за водење на архива, негова конфигурација за тековната година, поддршка и пристап до електронското решение.
- И други активности поврзани со доменот на работење на Централен регистар.

## 13. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МАРКЕТИНГ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Одделението за маркетинг и односи со јавност (во натамошниот текст: ОМОЈ) во 2022 година во целост ги реализираше сите планирани и дополнителни активности, произлезени согласно предвидените планови, согласно утврдени надлежности и одговорности од усвоени регулативни документи на Централниот регистар на РСМ.

Политиката за комуникација, Директивата за надворешна комуникација, Директивата за внатрешна комуникација, Директивата за регулирање на фиксни телефонски централи, Процедурата за користење податоци – ИДС.

Мерењето на задоволството на корисниците на Интернет Дистрибутивниот систем на ЦР изминатата година се спроведе по електронски пат, а резултатите и оваа година, придонесоа за идентификација на најкористените производи, групите на корисници кои имаат најголема потреба од ЦР, како и нивото на задоволство на корисниците при добивањето на услугите.

Во текот на целата година, надворешната комуникација се одвиваше континуирано согласно **Стратегијата за надворешна комуникација и односи со јавност** и планот за промоција на ЦР кои произлегуваат од стратешките цели на ЦР, а кои се од суштинско значење за начинот и постапката при комуницирање со медиумите, јавноста и сите засегнати страни од процесите на работа на Централниот регистар на РСМ.

Стратегијата вклучува Предлог - комуникациски канал за имплементација на Стратегијата за односи со јавноста и комуникација, канали за внатрешна и надворешна комуникација на ЦР, кои се мас медиумите, во кои околности и на кој начин ги комуницираме, листа со активни медиуми со кои ЦР соработува, цели, задачи и решавање на проблеми.

Континуирано се склучуваа договори за користење податоци преку ИДС во согласност со **Процедурата за користење на податоци преку ИДС**, која е усогласена со тековните активни процеси при комуникацијата со постоечките и потенцијалните корисници.

Се изработи **Информативната брошура - Самостојно започни сопствен бизнис**

Регистрирањето на нови корисници на Интернет дистрибутивниот систем (во натамошниот текст: ИДС) продолжи и во текот на 2022 година.

Во текот на 2022 година, ОМОЈ посредуваше при склучување на нови договори за користење на ИДС

**Склучени Договори**

- **Основен пакет – 5.000 денари – 28 договори (2022)**
- **Конфигурирани пакети – 13 договори (2022)**

Согласно анализата на податоци за уплатени средства компаративно за последните години, трендот е следниот:

| | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Име на производ** | **Број на трансакции** | **Сума** | **Број на трансакции** | **Сума** | **Број на трансакции** | **Сума** |
| Банкарски сметки | 7141 | 721241.00 | 236 | 23836.00 | / | / |
| Тековна состојба за субјектот | 74489 | 19069184.00 | 80895 | 20709120.00 | 76252 | 19520512.00 |
| Историјат на субјектот | 6954 | 8657730.00 | 8162 | 10161690.00 | 8821 | 10982145.00 |
| Скенирани документи | 638 | 322190.00 | 805 | 406525.00 | 1128 | 569640.00 |
| Скратен исказ | 11258 | 2859532.00 | 12487 | 3171698.00 | 4777 | 1213358.00 |
| Листинг од обработена годишна сметка | 2467 | 1724433.00 | 3389 | 2368911.00 | 1556 | 1087644.00 |
| Информација за кривична судска одлука | 593 | 299465.00 | 547 | 276235.00 | 577 | 291385.00 |
| Забрана за вршење професија дејност должност ПЛ | 268 | 79864.00 | 688 | 205024.00 | 453 | 134994.00 |
| Забрана за вршење професија дејност должност ФЛ | 140 | 41720.00 | 290 | 86420.00 | 248 | 73904.00 |
| Привремена забрана за вршење одд. дејност-Санкција | 205 | 61090.00 | 484 | 144232.00 | 374 | 111452.00 |
| Привремена забрана за вршење одд. дејност-Казна | 185 | 54945.00 | 468 | 138996.00 | 362 | 107514.00 |
| Трајна забрана за вршење одделна дејност | 166 | 49302.00 | 463 | 137511.00 | 360 | 106920.00 |
| Потврда за ликвидациона постапка | 7841 | 2015137.00 | 9955 | 2558435.00 | 8406 | 2160342.00 |
| Потврда за регистрирана дејност | 292 | 72416.00 | 379 | 93992.00 | 371 | 92008.00 |
| Потврда за стечајна постапка | 8083 | 2077331.00 | 9985 | 2566145.00 | 8512 | 2187584.00 |
| Извештај од БС и БУ - новооснован субјект | 23 | 5865.00 | 60 | 15300.00 | 20 | 5100.00 |
| Извештај од БС и БУ-останато | 21 | 10605.00 | 31 | 15655.00 | 25 | 12625.00 |
| Извештај од БС и БУ | 1166 | 2040500.00 | 1101 | 1926750.00 | 1171 | 2049250.00 |
| Забрана за учество на јавен повик јавна набавка | 176 | 52272.00 | 504 | 149688.00 | 306 | 90882.00 |
| Скенирани документи со менаџерски дог. | 110 | 55550.00 | 102 | 51510.00 | 166 | 83830.00 |
| Скенирани документи - комплетен преглед | 809 | 408545.00 | 1194 | 602970.00 | 953 | 481265.00 |
| Потврда за залог и лизинг | 50 | 24430.00 | 18 | 5400.00 | 20 | 6000.00 |
| Тековна состојба за субјектот со ЕМБГ | 12655 | 3239680.00 | 16327 | 4179712.00 | 18576 | 4755456.00 |
| Потврда за залог, лизинг, фидуција и продажба | 10 | 5045.00 | 8 | 4000.00 | 15 | 7500.00 |
| Информација за улога на физичко/правно лице | 345 | 174225.00 | 1447 | 730735.00 | 3671 | 1853855.00 |
| Потврда за залог и лизинг-електронска форма | 103 | 18540.00 | 297 | 53460.00 | 456 | 82080.00 |
| Потврда за залог,лизинг,фидуција,продажба-електронски | 26 | 9100.00 | 54 | 18900.00 | 54 | 18900.00 |
| Тековна состојба на трансакциски сметки на субјект | | | 6481 | 900859.00 | 6115 | 849985.00 |
| Информација за поврзани субјекти-тековна состојба | | | 1870 | 744260.00 | 860 | 342280.00 |
| РЕВИС_Историјат за физичко лице | | | 64 | 51200.00 | 152 | 121600.00 |
| РЕВИС_Историјат за физичко лице_целосен | | | 47 | 37600.00 | 351 | 280800.00 |
| РЕВИС_Историјат на субјект | | | 66 | 39600.00 | 99 | 59400.00 |
| РЕВИС_Историјат на субјект_целосен | | | 36 | 21600.00 | 117 | 70200.00 |
